# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
# од Четиринаесеттата седница
# на Собранието на
# Република Македонија
# одржана на 17.03.1999 година

Седницата се одржа во големата сала на Владата на Република Македонија , со почеток во 13,10 часот.

Седницата ја отвори и со неја раководеше г-дин Д-р Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Четиринаесеттата седница на Собранието на Репуб-лика Македонија.

Пратениците Амди Бајрам, Нано Ружин и Благоја Ханџиски ме известија дека од оправдани причинине се во можност да присуствуваат на седницата.

Исто така, министерот за одбрана Никола Кљусев и министерот за стопанство Жанко Чадо ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Според тоа, можам да констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија г-динот Киро Глигоров; претседателот и членовите на Владата на РМ и претседателот на Републичкиот судски совет.

Записниците од 10-тата и 11-та седница на Собранието Ви се доставени.

Дали има забелешки на записниците? (Нема)

Констатирам дека записниците од 10-тата и 11-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред да се дополни со Предлог на одлука за изменувања и дополнување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на РМ; Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Струга; Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Специјалната болница за гинекологија и акушерство"Чаир"- Скопје; Предлог на одлука за разрешување и именвуање претставници на Републиката во Советот на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид и Предлог на одлука за именување на републички советник на Собранието на Република Македонија.

Ве молам, кој е за предлогот на Комисијата , молам да крене рака?

90 пратеници се за. Дали има некој против? Нема.

Дали некој се воздржув аод гласање? Нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен и оваа точка е уврстена во дневниот ред.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата, исто така, предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствена станица на Универзитетот "Свети Кирил и Медодиј Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Кој е за предлогот молам да крене рака?

84 пратеници се за. Дали има некој против? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Според тоа и овој предлог е усвоен да биде на дневен ред.

Пратеникот Чедомир Кралевски предлага дневниот ред за денешната седница да се дополни со Предлог на одлуки за огласуваше на избор на претседател на Врховниот суд на Република Македонија и за избор на судија на Основниот суд во Гостивар и Предлог на одлука за огласување именуваше заменик јавен обвинител на Република Македонија

Предлозите на одлуките Ви се поделени.

Кој е за, предлогот молам да крене рака?

84-пратеници се за.

Дали има некој против овој предлог?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласањето?

Никој.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог на одлука за именуваве претседател и членови на Одборот за одбележување на 50-ет годишнината од основањето на Советот на Европа:Предлози на одлуки за избор на членови на управните одбори на ООЗТ Институт за белодробни заболувања кај децата во состав на Градска општа болница "Моша Пијаде" Скопје; Јавната здравствена органиазција Медицински центар "д-р Трифун Паневски"- Битола; Јавната здравствена организација Клинички центар Скопје и на Јавната здравствена организација Републички завод за трансфузиологија - Скопје и Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Битола.

Предлозите на одлуките Ви се поделени односно доставени.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака?

85 пратеници се за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржув аод гласањето?

Никој.

Според тоа констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Дали има уште некој предлог или дополнување на дневниот ред што Ви беше доставен , пред да го утврдиме дневниот ред? Има збор г-дин Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас би сакал за денешнава седница да се изготви информација во врска со безбедноста во железничкиот сообраќај, бидејќи во последно време бме сведоци на неколку трагични настани што настанаа токму од овие причини. Сите знаете дека само за една недела на делот Скопје - Тетово на железничката пруга Скопје - Тетово загинаа тројца, а еден е тешко повреден и се направи голема материјална штета, поради што би сакал информација каква е безбедноста на железничкиот сообраќај во Република Македонија и визијата на Министерството како мисли тој проблем да го реши.

Мислам дека ова би можело да се уврсти и во пратенички прашања, но бидејки Владата има само сто денови од денот кога е конституирана како нова Влада, веројатно ќе има и друга седница токму за пратенички прашања. Ако мислите скоро да свикате таква седница јас би го поставил како пратеничко прашање. Во спротивно, би сакал да се подготви информација во врска со овој проблем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сакам да информирам дека , ќе предложам вторите седници

односно на крајот од месецот, секој месец да имаме точка на дневен ред пратенички прашања, со тоа да ја почнуваме седницата. Така што веќе од наредниот месец, втората седница што ќе ја закажуваме или последна-та во месецот ќе биде како прва точка на дневен ред пратенички прашања.

Независно од тоа , Вие барате информација и јас молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Бедредин Ибраими, потпретседател на Владата.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Го прифаќам предлогот, меѓутоа тоа да биде како пратеничко прашање. Ќе добиете писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали пратеникот е задоволен? Добро, задоволен е.

Пратеникот г-дин Стојан Андов има збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе,

Јас уредно, во рок утврден со Деловникот доставив барање во дневниот ред на денешната седница да се уврсти информација од Владата за причините и последиците од повелкувањето на УНПРЕДЕП од нашата земја, како и за мерките што Владата ги презема за да се надополни празнината што сега настапува.

Не ми е познато зошто Вие во дополнувањата за дневниот ред не го изнесовте овој предлог, па видете, веројатно сте презеле мерки на време. Моето барање е сигурно испратено и до Владата, сигурно имате и мислење од Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сакам да го информирам г-динот пратеник и Вас дека Владата, на вчерашната седница има усвоено информација, таа се умножува, во текоѕ на седницата ќе Ви биде доставена и ќе ја ставиме на дневен ред. Веќе е доставена таа информација, денеска ќе ја ставиме на дневен ред и ќе раствраме

по неја, сигурно ќе гласаме и ќе утврдиме во дневниот ред.

Дали има некој уште било какво прашање? Има збор пратеникот г-дин Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Ја прифаќам Вашата намера од следниот месец, како што рековте на почетокот да има и прашања за пратениците, но поради итноста на проблемот јас би ја замолил Владата за едно објаснување или информација, во текот на денот или на наредната седница, што би ни се доставила.

Тоа го барам поради итноста , значи се работи за вознемиреност кај граѓаните на Охрид во врска со работите околи Алипашината Џамија во Охрид, што е културен објект под заштита на државата и со некои активности таму се гледа дека еден голем дел од дворот на Џамијата, според наши сознанија е незаконски одземен и истовремено се ризикува самиот објект да биде оштетен.

Би барал една информација од Владата што намера Министерството за урбанизам во овој поглед да превземе нешто да не дојде до оштетување на овој објект или од Министерството за култура каде што Заводот за заштита на културните објекти во Охрид, веројатно е во тек со состојбата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали претставникот на Владата сака да се произнесе?

Има збор министерот за урбанизам, г-динот Душко Кадиевски.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Добро, на една од наредните седници ќе подготвиме писмен извештај во врска со проблемот што е истакнат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали пратеникот Азис Положани е задоволен од одговорот на претставникот на Владата.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

И поради итноста на самата проблематика, затоа реков денеска или најдоцна на следната седница. не на една од наредните, туку, на...следната седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, значи на следната седница да се постави тоа прашање.

Збор побара пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратенции,

Сакам да Ве потсетам дека на минатиата седница јас побарав информација да изготви Владата и да ја достави до Парламентот за таканаречената фантомска Христијанска конференција неодамна одржана во Охрид со огромно мнозинство, колку што се сеќавам беше усвоен тој предлог, Владата на првата наредна седница, т.е на денешната седница да ја подготви таа информација.

За жал, до денеска ја немаме добиено па би сакал претставник на Владата да образложи зошто и дали воопшто е заборавено тоа прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Илоски.

Колку што се сеќавам, заклучокот беше на една од наредните седници.

Владата досега нема расправано и ни нема доставено информација, но ако денеска заклучиме да биде на наредната седница, во тој случај ќе ја замолам Владата да подготви информација за наредната седница.

Дали се согласув апретставникот на Владата д априфати за наредната седница да се подготви информација?

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Очигледно дека Владата е пренатрупана со барање информации што се користи на секоја седница да се бараат од страна на пратениците,

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, значи на следната седница да се постави тоа прашање.

Збор побара пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратенции,

Сакам да Ве потсетам дека на минатиата седница јас побарав информација да изготви Владата и да ја достави до Парламентот за таканаречената фантомска Христијанска конференција неодамна одржана во Охрид со огромно мнозинство, колку што се сеќавам беше усвоен тој предлог, Владата на првата наредна седница, т.е на денешната седница да ја подготви таа информација.

За жал, до денеска ја немаме добиено па би сакал претставник на Владата да образложи зошто и дали воопшто е заборавено тоа прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Илоски.

Колку што се сеќавам, заклучокот беше на една од наредните седници.

Владата досега нема расправано и ни нема доставено информација, но ако денеска заклучиме да биде на наредната седница, во тој случај ќе ја замолам Владата да подготви информација за наредната седница.

Дали се согласува претставникот на Владата да прифати за наредната седница да се подготви информација?

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Очигледно дека Владата е пренатрупана со барање информации што се користи на секоја седница да се бараат од страна на пратениците,

Оваа информација е во процедура и на наредната седница ќе ја имате на Собранието и ќе расправате по неа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на потпретседателот на Владата.

Дали уште некој бара збор?

Збор побара г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Исто така, на минатата седница во името на Пратеничката група на ПДП барав да ми се достави информација во врска со тепачката организирана, се разбира, во предворјето на училиштето "Зефљуш Марку" помеѓу учениците. После тоа тоа циклираше и имавме такви тепачки и на други места, би кажал со исти мотиви веројатно и со иста содржина.

Од Владата тогаш, односно претставникот на Владата одговорот беше дека ќе се достави , односно ќе имаме информација за тоа.

Информацијата не е на дневен ред, значи не е доставена никаква информација, иако нашите сознанија укажуваат дека од Министерството за внатрешни работи така информација е доставена до Владата.

Јас молам да ни се одговори зошто во денешниов предложен дневен ред за седницава нема таква инфорамција. Јас морам да Ви кажам, а морам да го кажам ова, дека ако некогаш се велеше дека Владата диктир; темпо во Собранието, дајте Вие да направиме нешто повеќе сега Парламентот да диктира темпо. Затоа што се почесто го слушаме провоцирањето од претставниците на Владата - на една од наредните седници, на една од наредните седници. Меѓутоа, имавме и време и чекавме да ни се достави таква информација. Скоро три недели не сме имале седница на Собраниет

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Исмет Рамадани.

Претставникот на Владата дали би сакал да се произнесе?

Повелете, има збор г-динот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Владата расправаше во врска со информацијата доставена од МВР и секој момент таа информација ќе биде дистрибуирана на пратениците, Така што, ќе може да се стави на дневен ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Значи и тоа ќе може да го ставиме на дневен ред на денешнава седница.

Дали уште некој бара збор? Има збор г-динот пратеник Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници,

На неколку седници Пратеничката група на Партијата за демократски просперитет направи обид да се стави на дневен ред и евентуално да се усвои резолуција за Косово.

Бидејки со одминување на времето јасна ни е намерата на Владата односно неподготвенсота да се соочи со таа резолуција и со изјаснување во однос на состојбите на Косово, пратеничакта група на ПДП оценува дека таа резолуција, таква кава што беше доставена, во целост се спроведува од страна на Меѓународната заедница.

**МЕВЉАН ТАИРИ:** (Продолжение)

Конференцијата тече и се надеваме дека ќе се постигне мировно решение. Доколку не се постигне, НАТО е подготвен да интервенира и сите други точки кои во тоа време пред да започне конференцијата во Рамбује му предлагавме

на ова Собрание за изјаснување се спроведуваат. Ние би сакале и Собранието и Владата да го ослободиме од тој баласт и ја повлекуваме Резолуцијата, за да не се малтретира Собранието и ние самите, поставувајќи го тоа секогаш на дневен ред, особено што, повторувам уште еднаш, ние сме задоволни што на некој начин ги предвидовме настаните што течат во врска со косовската криза.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Мевљан Таири. Збор побара пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги, на минатата седница пратеничката група на СДСМ преку г-динот Нано Ружин побара Владата да му достави на разгледување на Собранието "Информација за структурата, бројот, правните основи и мандатот на трупите на НАТО во РМ". Согласно записникот од 11-тата седница, кој штотуку беше усвоен од страна на Парламентот, стои дека потпретседателот на Владата Бедредин Ибраими известил дека Владата прифака да изготви ваква информација и да разгледува Собранието, заедно со информацијата која ја побара пратеникот Амди Бајрам, а тоа е "Информација за состојбите предизвикани со настаните на Косово и со напливот на бегалци од Косово во Македонија". Во таа информација, исто така согласно веќе усвоениот записник, се вели дека потпретседателотn извести дека Владата прифаќа да изготви ваква информација за наредната седница. Наредната седница е денес. Согласно заклучокот по другото барање на г-динот Нано Ружин, таа информација требаше да биде заедно со Информацијата зас структурата, бројот, правните основи и мандатот на трупите на НАТО во Македонија. Со оглед дека ова записнички е утврдено дека Владата се согласи тие две информации како една да ги гледа Парламентот, ве молам да добиеме одговор зошто таа информација не е на дневен ред денес, а воедно да кажам дека ние бараме овој заклучок да се спроведе и денес да расправа Парламентот за состојбата со НАТО и бегалците од Косово.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, претставникот на Владата, г-динот потпретседател Бедредин Ибраими да земе збор.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Двете информации се во Владина процедура и морам да ве известам дека за оваа седница тешко може да се направи таа информација за да може Собранието да расправа.

Во однос на НАТО силите и од средствата за информирање гледаме дека тој број е достигнат и информацијата веројатно ќе ја имате на наредната седница, така што на оваа седница Собранието не може да расправа по ова прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на потпретседателот Ибраими за информацијата.

Дали пратеникот Никола Поповски инсистира денес да отвориме процедура или да го оставиме за наредната седница?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, информациите од средствата за информирање Парламентот не ги смета за релевантни за сопствено информирање. Инаку, ние би прифатиле. Меѓутоа, мислам дека почнуваме да влегуваме во еден магичен круг, во секоја наредна седница го преиначуваме заклучокот на Собранието од претходната сеница повторно за наредаста седница.

Би било фер од страна на Владата, доколку не сака да се расправа за таква информација, наместо да не вовлекува во процедура за перманентно одлагање, да каже дека не ја прифаќа, ќе изготвиме самите колку што можеме и ќе расправаме по неа. Имаме деловничко право за сопствена информација да расправаме и да ја поднесеме. Ние сакаме тоа да влезе во една друга процедура во која Владата ќе биде како задолжена за безбедносната ситуација на Македонија и инволвирана во информацијата и да расправаме по таква информација. Меѓутоа, ако се доведеме во позиција цело време да бидеме на ваков начин благо манипулирани, за да не ме сватите погрешно, сметам дека нема цел барашето информации. Ова ќе биде, воедно ве известувам г-дине претседателе, последен пат кога ние како пратеничка група ќе прифатиме заклучоците на Собранеито од страна на Владата да бидат преиначувани повторно за наредна седница и доколку и наредната седница бидеме на ист начин изманипулирани, ние ќе почнеме да доставуваме сопствени информации, за кои ќе бараме расправа согласно Деловникот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Никола Поповски.

Значи, тоа ќе биде за наредната седница, прифаќаат за наредната седница да оди, а сигурно дека Владата ќе ни достави Информација.

Дали има уште некое прашање при утврдувањето на дневниот ред или сугестија, предлог и тн.? (Нема)

Ако нема, а гледам дека нема, вотој случај јас сакам пред да го утврдиме дневниот ред да укажам дека Информацијата за меѓуетничките физички пресметки меѓу учениците во гимназијата "Зеф Љуш Марку" - Скопје и Информацијата за регистрирани нарушувања на јавниот ред и мир мегу младинци од албанска и македонска националност, што ни ги достави Владата, ни ги достави за информирање а не да раскраваме. Според тоа, претходно треба да одлучиме дали ќе водиме расправа по овие инфомрации, или ќе ги примиме само за информирање, како информации за сопствено информирање.

Според тоа, бидејќи Владата ни предлага да ги примиме за информирање, тогаш јас го поставувам на гласање.

Кој е за тоа овие две информации кои ни се доставени во писмена форма денес да ги примиме само за информирање, а да не се води расправа по нив, односно поточно речено дали овие две информации да ги ставиме денес на дневен ред и да раскраваме по нив, или да ги примиме само за информирање.

(Повеќе пратеници од место реагираат на зборовите "Немаме таква информација")

Јас овде ги имам, незнам зошто вие ги немате.

Дали се поделени?

(По консултација со стручните служби)

Се копираат и се делат.

Како и да е, ние имаме добиено овде во писмена форма и ќе ги добиете информациите. Но, прашањето е принципиелно. Имено, прашањето е, дали се прифаќа предлогот на Владата денес овие информации да ги примиме само за информирање, или да ги ставиме надневен ред.

Кој е за тоа?

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Ве молам, г-дине претседател, немојте да не ставате во таква ситуација да гласаме за нешто што го немаме пред себе, не ни е доставено. Од каде знаеме ние што има во таа информација, за сега да го дадеме нашиот глас, дали да се расправа или да не се расправа.За нешто невидено да гласаме или да не гласаме. Ве молам, не е никава тешкотија да се дистрибуираат тие материјали, односно таа информација и тогаш веќе ќе го дадеме нашето мислење односно нашиот глас дали ќе се расправа или ќе се согласиме тоа да биде само информација без расправа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ја прифаќам сугестијата на пратеникот Рамадани и предлага една пауза од 15 минути за да ја добиеме информацијата, а потоа ќе преминеме на утврдување на дневниот ред.

(Пауза од 13,40 до 14,05 часот)

Имаме кворум за дас продолжиме со работа.

Јас мислам дека информациите ги добивте и од информациите можете да заклучите дека сите три информации Владата ги доставува за запознавање. Затоа ќе ве молам, за секоја од информациите дали да јаставиме на дневен ред, ние ќе мораме поединечно да се изјасниме.

Информацијата за причинтие и последиците од прекинувањето и повлекувањето на мисијата на ООН и УНПРЕДЕП, како и за мерките што ги презема Владата на РМ за замена на оваа мисија, Владата ја доставува за информрмиање.

Предлогот на пратениќот Стојан Андов, денес да се расправа по оваа информација го ставам на гласаше.

Пратеникот Андов побара збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, како предлагач на точка за дневен ред имам правода образложам зошто сум ја предложил ве молам тоа да ми го дозволите.

Оваа информација ја побарав од Владата од причина што присуството на трупите на УНПРЕДЕП во нашата земја дојода врз основа на Одлука на Собранието и по таа основа легално е Собранието тоа досие да го затвори, овде да дојде информација, да ја разгледа, да ја усвои и да заземе директен став за тоа. Се гаси таа мисија.

Од друга страна, во информацијата овде се дадени податоци кој се пишувал и кој се расправал за проблемот на УНПРЕДЕП во Македонија и ветото што го дала Атина и за укинувањето на оваа мисија. Да не ги набројувам сите што ги

дале, но морам да ви кажам дека за тоа прашање пишува во информацијата, а сите ние знаеме, дека расправал Европскиот Парламент. Ќе биде чудно за европската јавност, како тоа за прашање што се однесува на безбедноста на РМ, на нејзинисп територијален интегритет не сака да расправа македонскиот Парламент, туку расправал Европскиот Парламент. Верувајте, тоа е крупна слабост.

Трето, што сакав да образложам, верувајте, имам најдобри и искрени намери да и овозможам на Владата за во иднина и пред светот и пред нас од едновакво прашање да излезе чиста. Да и дадам можност да дојде во Собранието ,да се расправа во Собранието и не се сомневам дека ќе добие подржа во Собранието. На крајот на краиштата овде има владино мнозинство. Зошто Владата сака да не се расправа за ова, како да нема аргументи и како да не ужива подршка во Собранието. Оваа тема е важна и за Владата е важно Собранието да застане на становиште на кое застанала Владата.

Морам да ви кажам, забележувам дали од неискуство или незнам од кои причини, се избира една линија на развивање на конфликт меѓу разните инстанци на власта во државата, и таму каде што рима основа за тоа и таму каде што нема основа за тоа. А времето е толку тешко и толку многу предизвици и неизвесности ни носи што е неопходно, што бара од сите нас да гледаме да ги градиме и државата и мостовите и секој да си ја држи обврската што ја има да дадеме еден знак иеден впечаток на хармонија што произлегува од Уставот и законите на оваа земја и дека власта се сменила, но тоа е компетентна власт. Таа функционира и не опстанува само низ караници, судири, конфликти и т.н. Намерата ми е навистина добра и сакам да помогнам на Владата.

Тоа е мојот предлог, дајте нека се расправа да си се заклучи. Како што сакате, така ќе се заклучи, нормално и по тоа прашање Парламентот да си изнесе свое стојалиште. Владата само може да добие.

Сакам да ви кажам дека самата информација - јас не сакам да навлегувам во тоа - треба да се поправи, ќе остане во документацијата. Ако е само поделена, дури, можеби нема да прифатите дас се рањзгледува, но овде има крупна противречност. Завршува така: Владата на РМ не може да се согласи со констатацијата наведена во барањето на пратеникот Стојан Андов дека со заминувањето на УНПРЕДЕП е влошена безбедносната ситуација на РМ и се загрозени нејзиниот територијален интегритет, независнот и постоење". Ве молам, тоа е оценката што ја дава Кина во Советот за безбедност, не јадава нашата Влада. Нашата Влада дава друга оценка дека уште има закани од прелевање на војната и затоа бара да дојде, и го загрозува територијалниот интегритет, па затоа бараше. да дојде овде и да остане понатаму УНПРЕДЕП. Кина вели нема, нема такви работи, не е загрозена. Сега замислете вие, незнам зошто на некого му се чини дека ваква формулација на крајот да стави. Не е добро тоа.

На страна сите тие работи, таа и други работи можат да се исправат. Мој совет е и моја интенција е, дајте да се добие легална форма на се што се работи. Нетреба да се сомнева никој во Парламентот, не треба да се сомнева водругите инстанци на власта, дајде да се разработи власта и власта во согласност со Уставот и законите да може да ја добие и исполни својата сила. На тој начин таа хармонија и соработка ќе покаже дека оваа држава не е за потсмев неможе да мисли тој таму дека сите меѓу себе се скарани. Има сила во таа земја и тогаш граѓаните многу повеќе нам ќе ниверуваат. Мене ми е тоа намерата и ништо повеќе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Стојан Андов за дополнителните информации.

Збор побара министерот за надворешни работи Александар Димитров, носамове молам да не отвораме расправа, туку само дообјаснување пред да заклучиме дали ќе ја ставиме или нема да ја ставиме точката на дневен ред. Ние ќе гласаме, ние ќе утврдиме тука. Ако може што пократко.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, му благодарам на пратеникот Андов за желбите да се заокружи мисијата на УНПРЕДЕП во Македонија и се согласувам откако ќе се знае дефинитивното решение во Советот за безбедност тоа да го направи овој Парламент. Доколќу е добро прочитана инфбрќѓацијата, таму е наведно дека во моментот, во рамките на 00Н, се водат активности за надминување на сегашната ситуација и во тек се консултации за замена на мандатот на УНПРЕДЕП, кој се очекува да продолжат до крајот на месец март. Според тоа, ние и да сакаме во моментот не можеме да го завршиме досието напречено УНПРЕДЕП, затоа што и врз основа на барањето на претседателот на РЕпубликата и врз основа

на моето писмо до генералниот секретар Кофи Анан е укажано на потребата од изнаоѓање на одредени модалитети кои ќе го продолжат дејствувањето на мисијата на УНПРЕДЕП по една или друга беретка или шлем, независно.

Уште две напомени кратко, за да не останат нерегистриран? Во барањето за продолжуваше на мандатот никаде не е спомната безбедноста и ситуацијата во РМ. Во барањето што е упатено на 29 јануари,овде е точно наведено, се три причини: влошување на кризата на Косово, зголемување на тензиите на албанско-југословенската граница и неодбележеноста на границата меѓу РМ и СРЈ. Од тие причини беше побарано продолжување на мандатот на УНПРЕДЕП за наредните 6 месеци во истиот состав и истата задача, мисија.

Од тука, навистина неможам да се согласам дека постоењето на оваа држава зависи од распоредувањето на УНПРЕДЕП на границите кои ќе ја вршат мониторинг мисијата.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ:** (продолжение)

Македонија постоела како држава и ќе постои, независно од постоењето , односно присуството 10001 војник на нејзините граници, кои ја набљудуваат границата со Југославија и со Југославија и ќе се грижат со дополнувањето на мандатот за оневозможувањето на шверц со оружје. Затоа е ставот на Владата дека напровит, ние неможеме да се согласиме дека заминувањето на УНПРЕДЕП се одразува, или го загорзува територијалниот интеритет, независноста , а уште помалку постоењето на државата. Прејака оцена е тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, внимателно го слушав министерот и мислам дека можеме да се разбереме. Според министерот има активности кои ќе ја заменат улогата на УНПРЕДЕП. Но треба да ни е јасно дека Советот за безбедност има дефинитивна одлука дека УНПРЕДЕП нема да биде понатаму тука. Јас во Информацијата затоа барав причини и последици да се изнесат од заминувањето и укинувањето на УНПРЕДЕП. А и мерки кои ги презема Владата за да се надоместат недостатоците што доаѓаат со повлекувањето на УНПРЕДЕП.

Мислам дека Информацијата ако се правеше по барањето , тогаш таа Инфорамција повеќе ќе имаше во себе елементи што тоа се превзема сега. Какви се консултациите во која насока се да ги читаме тие од странските весниици. Зошто нашата јавност и нашиот Парламент не се јави како тело, како најодговорно во државата да биде информирано и да даде сугестии по таа работа. Затоа мислам дека тоа по содржината ќе го расправаме на Информацијата. Но да направиме една таква опстапка. До крајот на март да подготви Владата една комплетна информација како што е овде напишано. Значи заедно со мерките да донесат замена на УНПРЕДЕП. Сега морам да реплицирам на министерот , што се однесува за последното ова овде. Не се мисли на некоја внатрешна безбеност во Македонија кога бараме, туку за нејзината безбедност на позиција во регионот. А тоа е оценката што јас овде ја реков не е моја. Тоа се на сите што интервенирале во светот овде против укинувањето на УНПРЕДЕП. Сите таква оценка имаат. Не станува збор дали Македонија ќе престане да постои , ако нема овде 1.300 војници и тн. станува збор дека единствена легална основа да се набљудува и да преземаат и предлагаат мерки за спречување на прелевањето на војната од другите региони во Југославија овде во Македонија, беше одлуката во Советот на берзбедност за мисијата УНПРЕДЕП кога беше овде. Засега друга меѓународна одлука таква не постои. И затоа таква е оценка и на европскиот парламент, таквата е оценката на јавните гласила во цела Европа и во Америка, таква е оценката и на претставникот на Аргентина и на другите за кои што се зборува овде. Немојте да бидеме наивни. Има сериозни закани и за територијалниот интегритет, па и за безбедноста на Македонија. И нетреба туку така брзо да се откажуваме дека ништо не било. Тоа не е точно. УНПРЕДЕП значеше многу за Македонија. Тие не беа со топови да не бранат, туку имаа пристап до Советот за безбедност секојдневно и до генералниот секретар на ООН да изнесуваат каква е ситуацијата , односно каква е состојбата и кои се заканите за Македнонија. А тоа е многу значајно за секој граганин, за секое семејство во РМ без оглед од која партија се , без оглед од која националност се. Затоа предлагам сега. Се согласувам ако не сега, на крајот на март да добиеме комплетна информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега веќе имаме видоизменет предлог , оваа информација да ја имаме информативно, а до крајот на март месец да добиеме Информација со одредени заклучоци, по кои што ќе расправаат телата на Собранието.

Дали мо.жеме да се согласима со една ваква формулација ќе ве молам да гласаме.

Кој е за тоа до крајот на март да добиеме потполна информација за тоа што ќе расправаат телата. Кој е за молам да крене рака? (92 пратеника)

Според тоа Информацијата со 92 пратеника се усвои да

биде разгледана до крајот на март месец, односно почетокот на април и да биде разгледана во парламентарните тела.

Имаме уште две информации кои Вкадата ги предлага да ги разгледаме, само информативно а да не расправаме по нив.

Едната информација е за меѓусебните физички пресметки меѓу учениците во гимназијата "Зефљуш Марку" во Скопје.

Ве молам кој е за тоа да расправаме по оваа информација и да биде дел од дневниот ред.

Молам кој е за да крене рака? (32 пратеника)

Кој е против? (58 пратеници)

Според тоа Информација ја имаме чисто информативно.

И за уште едната Информација би сакал да се произнесеме тоа е Информацијата за регистрирани нарушувања на јавниот ред и мир меѓу младинци од албанска и македонска националност.

Ве молам кој е за тоа оваа Информација да ја ставиме на дневен ред денеска?

31 пратеник гласаа за.

Кој е против? (60 пратеници)

Според тоа констатирам дека и оваа Информација ја имаме чисто информативно денеска.

Според тоа, дозволете да го утврдиме дневниот ред.

1. Интерпелација за работата на претседателот на Собранието на РМ д-р Сави Климовски;

*2.* Предлог на закон за минералните суровини;

3. Предлог за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за земјоделско земјиште со предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за изградба инвестициони објекти, со предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за комунални дејности со предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за трговија со предлог закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пазарната инспекција со предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за органите на управата, со предлог на закон;

11. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање одбор за одбележување на 50-годишнината од Основањето

на Советот на Европа;

12. Информација за состојбите со недозволената трговија со опојни droги и нивната злоупотреба во РМ во периодот од 1991 до 1998 год.

13. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисии на Собранието на РМ;

14. Предлог на одлука за избор на членови на Упранциот одбор на јавната здравствена организација Медицински центар - Струга;

15. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на специјалната болница за геникологија и акушерство - "Чаир" -Сќопје;

16. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на факултетот за туризам и угостителство-Охрид;

17. Предлог на одлука за именување на републички советник на Собранието на РМ.

18. Ппредлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација, здравствена станица на Универзитетот Св. Кирил и Методиј - Скопје;

19. Предлог на одлука за огласување избор за претседател на Врховниот суд на РМ;

20. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Гостивар;

21. Предлог на одлука за огласување и именување на заменик јавен обвинител на РМ;

22. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Битола;

23. Предлог на одлука за именување претседател и членови на Одборот за одбележување на 50-годишнината на основањето на Советот на Европа;

24. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на ООЗТ - Инсититут за белодробни заболувања кај децата во состав на Градска општа болница "Моша Пијаде"- Скопје;

25. Пердлог на одлука за избор на членови на Управниот

одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар"д-р Трипун Пановски" - Битола;

26. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на јавната здравствена организација Клинички центар - Скопје ;

27.Предлог на одлука за избор на членови на Управниот

одбор на Здравствената организација Републички завод за трансфузиологија Скопје;

28. Интерпелација за работата на членна Владата на РМ и министер за надворешни работи Александар Димирторв.

Господа пратеници овој е предлогот на дневниот ред ќе ве молам да се изјасниме.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

99 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? ( нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Според тоа констатирам дека со 99 гласови за е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на првата точак од дневниот ред :

Интерпелавдија за претседаЈгелот на Собранието на Република Мвакедашија д-р Саво Климовски.

Интерпелацијата и одговорот на интерпелацијата ви се доставени.

Отворам претрес и молам еден од подносителите да ја образложи интерпелацијата.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Почитуван г-дин претседателе, почитувани пратеинци, во пресрет на денешната седница многу размислувавме околу тоа дали има потреба од интерпелација за г-динот Саво Климовски.

Постоеа две основни причини за тоа.

Првата, е во тоа што се лучуваа толку многу раобри, што самиот чин на останувауше на Саво на оваа функција , или пак неговото заминување, го прават сосема неважен за оваа држава.

Имено, во услови кога се води војна неколку километри од ѓраницата на РМ , кога Македонија е плисната со бран бегалци , чиј број и статус никој не го знае во оваа, држава, ког.а во Македонија влегле 12 илјади војници на НАТО, за кој исто така никој не знае со кој мандат се овде, колку долго ќе останат и кои се нивните права и должности вослободното време, и поради сето тоа се создава воена спихоза во Македонија од страна на српската и албанската пропаганда, кои за таа цел ги користи не само масовните медиуми, туку и сопствените браќа по крв во Македонија, изгледа навистина безсмислено да разговараме за одговорноста на Саво Климовски.

Изгледа бесмислено и тоа што во вакви моменти , кога секоја Влада на светот би била загрижена за тоа , во која насока можат да тргнат работите на овој простор, нашата Влада со нескриено задоволство го прогласува за голем успех на својата надворешна политика, па дури и за мало чудо фактот што наместо ние да влеземе во НАТО, единиците на НАТО влегоа во Македонија. И што во овој момент имаме двојно повеќе странски војници од домашни.

Втората причина која исто така не наведуваше на помислата дека е бесмислена расправата за одговорноста на Саво во овие услови е општото сознание дека со сето она што г-динот Климовски го прави од позицијата на претседател на Парламентот и прави голема услуга на опозицијата. Имено, неговото однесување од целокупната македонска јавност е оценето како еритиречно и недостоинствено, со што всушност неговото сменување на неговата функција, не треба повеќе да биде амбиција на опозицијата, туку насушна потреба на владината коалиција.

На крајот, сдепак решивме дека можеби е добро да кажеме нешто и за неговата одговорност, со целосна свест дека ниту една наша забелешка нема да биде доволна за да ја провоцира неговата доблест, да поднесе оставка, ниту пак да го промени коалициониот договор за довербата во него, ние ќе се обидеме да потсетиме на некои аспекти од вршењето на неговата дејност претседател на Собранието во овој период , за кој сметаме дека не се во ред и дека треба да бидат целосно корегирани и кои ја инспирираа нашата интерпелација.

Првата, е веќе познатото однесување на г-динот Климовски во случајот кога претседателот на Републиката побара да му се обрати на Собранието по повод веста дека Македонија воспоставила дипломатски односи со Тајван. Претседателот побара итна седница, со цел да може пред завршувањето на сите формалности околу тој чин да укаже на негова-та штетност во Македонија. За жал, г-динот Саво Климовски во својата пристапна беседа свечено објави дека од денот на неговиот избор за прв меѓу еднаквите во Собранието, тоа станува отворен дом за граѓаните и новинарите, покажа дека тогаш не мислел и на претседателот, односно дека може секој да дојде во Собранието , но и претседателот кога ќе посака. Обичниот граѓанин по веќе видена ујдурма со претседателот, сигурно се прашува за каков отворен дом зборуваше г-динот Саво Климовски и што ќе му биде потребно на еден обичен граѓанин да влезе во Парламентсг. кога од претседателот се бараат писмени молби, образложенија, и кога дур ниту претседателот неможе да стапи во телефонски контакт со првиот меѓу еднаквите во Парламентот. Но тоа не е толку важно. Важно е што во таа прлика стана важно дека претседателот на Собранието покажа дека е способен како инструментализиран член на владината коалиција и злиупот-ребувајќи го сопственото овластуваше за закажување на седници, да го оневозможи влијанието на претседателот на државата, врз можниот исход врз една краткорочна и долгорочна штетна зделка на луѓе од владината коалиција. Зделка со која Македонија упати една политичка порака во све-тот која гласи дека во Македонија секоја политичка одлука може да биде купена со пари и дека за Македонија не важат македонските принципи и меѓународните договори.

По овој преседан нема гаранција дека г-динот Климовски нема да продолжи така да се однесува,без оглед на фактот што целата македонска јавност не се согласува со тој модел на омаловажување на претседателот од негова страна и се покажува со политичка арогнација која не му личи ниту на годините, ниту на искуството, ниту на позици-јата што ја има.

Кога јавноста веќе помисли дека г-динот Саво Климовски извлекол некоја поука од споменаткот скандал , тогаш тој покажа дека не е способен да извлекува поуки. Имено, пред целата македонска јавност изјави дека седницата на која ќе се обрати претседателот е посебна седница на која нема расправа по неговото обраќаше и дека токму затоа тоа мора да биде посебна седница, но само по неколку дена го смени своето мислење и на седницата која беше најавена како посебна и без дневен ред се обиде да отвори расправа. Кога му беше укажано на тоа дека нема логика да се води расправа по обраќањето на претседателот, тој на лице место почна да измислува нови правила за работа на Парламентот по кои Парламентот продолжи да работи во отсуствона опозицијата на огромно задоволство од страна на првиот меѓу еднаквите во Македонскиот Парламент. Но ова е само една епизода од неговото однесување.Во овој Парламент сведоци сме на низа укажувања и коментари од страна на претседателот на Собранието по дискусиите на пратениците кои се пристрасно обоени и кои несоменно придонесуваат за зголемување на напнатоста на Парламентот.

**ЃОРЃИ СПАСОВ**: (Продолжение)

Така на пример тој без коментар и со големо задоволство ќе ги проследи сите напади врз Претседателот на државата во негово отсуство, значи ги замоли пратениците да не говорат за лица кои не се присутни, ако станува збор за Васил Тупурковски или некој друг од неговите омилени граѓани на Република Македонија. Во несомнено највулгарната дискусија во овој Парламент од страна на господинот Џафери за клозетот и пуштањето вода, господинот Климовски *ќе* му пушти вода со зборовите: "благодарам на кусата и содржинска дискусија", а на дискусиите од страна на членовите на опозицијата реагира нервозно и со омаловажуваше. Тоа сепак не е нормално однесување на еднаквиот меѓу еднаквите во Парламентот.

Втората причина заради која сметаме дека господинот Саво Климовски е одговорен како претседател на Собранието е начинот на кој оваа функција ја злоупотребува надвор од Парламентот. Имено, сите добро знаеме дека во

Македонија никогаш пред неговиот избор за претседател на Собранието на Македонија не владееше некој особен интерес за неговите политички ставови, а уште помалку за неговите приватни размислувања на крупни теми. Имено, се до тогаш во Македонија за господинот Саво Климовски се знаеа само неколку работи и тоа:

Прво, дека беше член на Сојузот на комунистите на Маке-донија и дека врз основа на својата ортодоксност кон доктрината на комунизмот стана министер за образование во последната комунис-тичка Влада во Македонија.

Второ дека како министер за образование манифестираше висока албанофобичност која ја манифестираше се до средношколските и студентските демонстрации во Скопје кои беа против отворањето на Педагошка академија на албански јазик, а тоа беше само пред една година.

Трето, на првите парламентарни избори се обиде да стане член на Парламентот како кандидат на Странката на југословените зад чија платформа стоеја генералите од Белград и сопругата на Слободан Милошевиќ а во чија програма не се споменува ниту Македонија ниту македонците. Освен ова се знаеше дека е универзитетски професор, дека останаа многу недемантирани факти во однос на плагијатите на неговите книги и дека во него-виот најнов труд е поместен предговор на кинески јазик заради што сега е веќе протераната амбасадорка на Народна Република Кина во време на промоцијата на таа книга изјави дека овој гест на професорот Саво Климовски е гаранција за трајното унапредување и перспективата на односите помеѓу Народна Република Кина и Република Македонија.

Заради некои од наведените факти, Парламентарната група на СДСМ реши да не му даде поддршка при неговиот избор за претседател на ова Собрание, а Парламентарната група на Партијата за демократски просперитет беше воздржана.

Денес разбираме од неговите интервјуа дека тој во целиот овој период бил во заблуда односно живеел во политичка заблуда која му била наметната од тогашниот Централен комитет на Сојузот на комунистите и дека во таквите услови тој просто не можел да одбие да биде министер за образование и да ги користи сите привилегии на комунистичката номенклатура, а да не ги исполнува барањата за идеолошки чисто образование, за партиски диференцијации по училиштата и забрана за водење на педагошката евиденција на албански јазик и слично.

На сето ова што му беше познато на господинот Саво Климовски, но сето ова што беше познато за него не му пречеше и не му пречи на никого во Македонија. Еден од основните постулати на демократијата е правото на промена на мислењето и без способ-носта да учиме и да се менуваме нема перспективи ни надеж ниту за еден од нас, ниту за Република Македонија. Но, за луѓето што се промениле и кои таа своја промена упорно ја рекламираат останува сомневањето дали нема брзо да отстапат и од нивните актуелни веруваша со истиот изговор дека биле пак доведени од некого во заблуда. Имено, господинот Саво Климовски благодарение на медиумското внимание што го привлекува како претседател на Собранието си дозволува слободно да медитира на теми за кои ниту е водена расправа во Парламентот ниту пак во органите на Владината коалиција, според нивните кажувања. Имено, заборавајќи дека претседателот говори во име на Парламентот или барем во име на политичката групација што го избрала на таа функција, тој си дозволува да отвора и води медиумска расправа на важни теми во стил на неговата позната реченица "ако јас се прашувам". Во стилот на неговата реченица тој пред домашни и странски новинари изјавува:

Прво, ако јас се прашувам, тоа значи ако се прашува господинот Климовски, проблемот околу употребата на јазиците на националностите во Парламентот не е политичко прашање, туку е техничко. Прашањето за правото, според него, не е спорно и треба само да се изнајде техничко решение какво што всушност веќе постои при Обединетите нации. Со други зборови тој е демократ и тука единствениот проблем е што другите не му се политички дораснати и што во оваа држава не се прашува само тој. Истиот овој стил е присутен и на неговите конференции за печат, па на тајванските новинари на прашањето кога амбасадорот на Тајван ќе може да ги предаде акредитивните писма тој одговара. Ако јас се прашувам, тоа ќе биде кон крајот на оваа година кога тие акредитиви ќе му бидат предадени на новиот претседател на Македонија господинот Васил Тупурковски кој е најзаслужен за оваа зделка. На вчудоневидените новинари кои прашуваат, а што ако Васил не стане претседател, Саво одговара. Ако јас се прашувам, тогаш тоа ќе биде сигурно кандидат од коалицијата.

Во овој стил господинот Климовски во странство ги објаснува приликите во нашата земја. Ако јас се прашувам, вели тој, пред новинарите од странство и во странство, на Македонија не и оди добро, бидејќи Македонија има претседател кој е всушност претседател само на еден дел од граѓаните и кој заедно со опози-цијата во Македонија се залага за изградба на систем по примерок на Народна Република Кина, но за среќа постои владина коалиција која има огромна поддршка од народот и која се залага за изградба на систем кој е идентичен со оној на Тајван. Од кого е, навистина многу е.

Дозволете ми да завршам во стилот на господинот Климовски ако јас се прашувам, дами и господа пратеници, тој не треба да биде претседател на Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Спасов.

Ред е да го прочитам и мојот одговор, па потоа да се води расправа.

Почутувани дами и господа пратеници,

Јас ќе се задржам само на она што беше предмет на поднесената интерпелација иако, како што гледам, од излагањето на господинот Спасов произлегуваат маса други прашаша што навистина немаат никаква врска со тоа што тие го поднесоа во интерпелацијата и која според мене е уште една злоупотреба на институцијата -интерпелација. Добро беше да се држиме за тоа што тие го побараа а да не го сликаме политичкиот портрет и да не го користиме поводот, но тоа е веќе нивни начин на размислување и на однесување јас ке објаснам пред јавноста интерпелацијата што тие ја поднесоа во писмена форма, за која јавноста е запозната и околу која јас би сакал да одговорам.

Имено, интерпелацијата поднесена од Пратеничката група на СДСМ која се однесува на мојата работа опфаќа неколку делови:

Прво, односот меѓу претседателот на Собранието и Претседателот на Републиката,

Второ, наводното пласирање на прашањето за двојазичност и набавувањето на слушалки за новата собраниска сала,

Трето, начинот на водењето на седниците,

Четврто, улогата на претседателот на Собранието во конституирањето на работните тела и утврдувањето на составот на делегациите на Собранието на Република Македонија во меѓународните организации и институции и за крај да спомнам

Петто, улогата на претседателот на Собранието во донесувањето закони по итна постапка.

Поаѓајќи од личната демократска ориентираност одредебите од Уставот ги почитувам како највисок правен акт во државата и точно од таквите определби слободен сум да го констатирам следното:

Прво, правото на поднесување интерпелација претставува уставно предвидено раво на пратениците на Собранието на Република Македонија. Имено, интерпелацијата онака како што е предвидена во член 72 од Уставот на Република Македонија нуди уставна можност група пратеници најмалку пет да отворат непосредна контрола врз работата цитирам "на секој носител во јавна функција Владата и секој нејзин член поединечно, како и за прашања од работата на државните органи". Оттука сметам дека интерпелацијата на пратениците навистина им овозможува директен увид во работата на најодговорните носители на власта во државата, меѓутоа, нејзиното користење претставува огромна одговорност на поднесувачите кои се должни до крај да ја испитаат повредата на правата на носителите на јавните функции и аргументирано и фактички издржано да пристапат кон нејзината изработка. Секое поинакво користење на уставно право од страна на пратениците може да се смета за извитоперување на овој мошне значаен демократски механизам во државата и своеволна односно за свои тесно партиски цели, употреба на со Уставот предвидените инструменти за контрола на работата на јавните функционери.

Имајќи ги во предвид претходно наведените аргументи си земам за право оваа интерпелација да ја оквалификувам како крајно неиздржана и неаргументирана во сета своја содржина. Читајќи го образложениeто на интерпелацијата од страна на Пратеничката група на СДСМ останав вчудоневиден од нејзината површност и неаргументираност, а имавте денеска можност да чуете и арагументи кои што навистина немаа никаква врска со поднесената интерпелација.

Имено, во еден нејзин дел се вели дека јас вршејќи ја функцијата претседател

на Собранието на Република Македонија цитирам: "грубо ја злоупотребувам својата позиција", бидејќи го оневозможувам Претседателот на Републиката да се обрати пред Собранието по повод, како што е наведено цитирам: "скандалозниот чин за воспоставување на дипломатски односи помеѓу Република Македонија и територијата Тајван."

Навистина сметам дека секој мој коментар во врска со вака несериозно сроченоит став е крајно непотребен и нецелисходен.

Во интерес на иднината на демократијата чувствувам должност пред пратениците и граѓаните на Република Македонија да потсетам на неколку уставни одредеби кои ги регулираат надлежностите и правата на институциите на системот или поконкретно надлежностите на Собранието на Република Македонија, Претседателот на Република Македонија и Владата на Република Македонија, а кои во случајот намерно или ненамерно се целосно занемарени.

Имено, согласно член 85 од Уставот на Република Македонија цитирам: "Претседателот на Републиката го известува Собранието за прашања од неговата надлежност" подвлеквуам "од негова надлежност најмалку еднаш кодишно". Ако понатаму правилно се чита Уставот особено член 91 лесно може да се заклучи дека воспоставувањето дипломатски и конзуларни односи со други држави е во исклучива, подвлекувам исклучива надлежност на Владата на Република Македонија, а не на Претседателот на Републиката, па оттука обраќањето на Претседателот на Републиката преку Собранието пред граѓаните на Република Македонија, пред претходно донесена официјална одлука на Владата на Република Македонија за воспоставување дипломатски односи со Тај.ван би претставувало вистински преседан што би ги надминало уставните рамки и би навлегло во водите на политичкиот волунтаризам. Ако мислиме така да работиме, тогаш не е ни чудно што до сега често пати сме пливале во тие води на политички волунтаризам.

Во врска со забелешката за мојата наводна цитирам "опструкција на контактите". што треба да ги имам со Претседателот на Републиката истакнувам дека од моментот на моето стапување на функција претседател на Собранието имав неколку средби со Претседателот на Републиката уште при првата наша средба шефот на државата пласираше погрешна теза за потребата од кохабитација во нашите взаемни односи при вршењето на функциите чии носители сме. Заблудата за потребата од постоење од кохабитација меѓу нас ми се чини дека е извор на настојувањата и барањата кои Претседателот на Републиката ги упатува и очекува од Собранието и од мене како негов претседател. Имено, сакам да Ве потсетам Вас и оние кои се во вакво погрешно уверување дека за кохабитација може да стане збор единствено во односите меѓу шефот на државата и Владата. За разлика од тоа, односите меѓу носителите на законодавната и извршната власт, односно меѓу Собранието и Претседателот на Републиката според Уставот на Република Македонија се основани единствено врз начелото на поделбата на власта. Тој принцип на поделбата на власта на законодавна извршна и судска е прокламирана уште во темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија во член 8, а понатаму е прецизиран во поставеноста на овластувањето и односите меѓу носителите на различните делови на државната власт.

Во својата работа како претседател на Собранието на Република Македонија се придржувам и ќе се придржувам кон ова начело се додека ја уживам поддршката на Собранието, а со тоа и на мнозинството избирачи во Република Македонија. И поставувам прашање зарем заради тоа се бара мојата одговорност?

Очигледно некои луѓе во Република Македонија се уште не се ослободиле од заблудите на стариот систем, менталниот склоп им плива во рамките на тој систем, системот на единството на власта во кој таа се акумулираше во рацете на поединци кои одлучуваа за се во државата. На последиците од таквиот систем, не сакам да потсетувам бидејќи трагите од него сеуште не се избришани. Наспроти таквиот систем кој барем уставно е зад нас, најголем број демократски земји тргнуваат од идејата за поделбата на власта и практиираат системи во рамнотежа меѓу органите на државната власт. Поделбата на власта денеска е универзален критериум за уставна држава. Воведувањето на начелото на поделбата на власта е резултат на желбата на народот да ја избегне автократијата како најголема закана за човековата слобода. Смислата за поделбата на власта е спречуваше на апсолутистичкото однесување во вршењето на поединни функции и на државната власт при што власта "ја кочи власта без да се загрозува самостојноста на нејзините

носители". Во ниеден момент од моето работење како претседател на Собранието не ја доведов до прашање самостојноста на ова парламентарно тело и не дозволив ниту еден од другите носители на државната власт да успеат да го стават под своја "капа" овој законодавен дом. Исто така, што во ниту еден момент со својата работа не навлегов и не дозволив Собранието да навлезе во доменот на некој друг орган. Парламентите секаде, па и во Република Македонија Собранието, делуваат или треба да делуваат како алармни уреди кога ќе се појави опасност од нарушување на демократскиот поредок, кога амбициозните носители на власта делувајќи навидум во рамките на правилата за игра ќе тргнат во акција за тие правила да ги превртат. Собранието на Република Македонија ќе биде брана против секој обид на извршната власт која ќе тргне макар и премолчно од стојалиштето цитирам "држава тоа сум јас".

Она што натаму зачудува е фактот што пратеничката група на опозиционата СДСМ не ги препознава елементарните правила на однесување на Собранието на Република Македонија, па ме обвинува за цитирам "поставување неосновани барања до Претседателот да се изјасни за темата за која тој ќе говори", пред пратениците, се разбира. Колку за информација претседателот на Собранието има право да знае зошто и на која тема свикува Собраниска седница мислам дека секое натамошно коментирање и објаснување на овој факт, е непотребно.

Во врска со втората точка од "обвинувањето" содржано во поднесената интерпелација имам потреба повторно по кој знае кој пат да го изнесам својот став и околу ова прашање. Меѓутоа за потребите на пратениците од СДСМ како и поради потребата од обновување на нивната меморија, тоа ќе го сторам уште еднаш. Веќе е депласирано да се потсетува дека во република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, тоа е член 7 од Уставот на Република Македонија. Без да навлегувам подлабоко во овој веќе за сите нас познат факт, ќе го изнесам следното: наведеното обвинување воопшто не кореспондира со изјавите кои неодамна ги имам дадено пред средствата за јавно информирање. Имено, во неколку наврати запрашан за можноста од воведување на двојазичност во работата на Собранието особено кога е во прашање деловникот имам одговорено доследно вака. Цитирам тоа што го кажав: "секогаш ќе го почитувам словото на Уставот на Република Македонија, а словото вели дека во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо" во ниту еден случај овој факт не смее да биде доведен во прашање. Меѓутоа, доколку во Република Македонија се постигне еден паширок политички консензус и доколку се најде соодветна политичка форма која нема да биде во спротивност со уставните одредби, нема да ми пречи пред собраниската грворница да се проговори и на јазиците на националностите, а не двојазичност.

По однос на третото и четвртото, тоа е конечно мое мислење кое би се заснивало на еден таков политички консензус и правна форма, која сигурно нема да пречи на Уставот.

Трето, по однос на третото и четвртото обвинение, навистина не чувствувам посебна птреба за коментар, освен да констатирам дека се работи за ставови кои се надвор од реалноста и од духот на вистинољубивоста. Едноставно, нивната шпекулативност ќе ја проценат пратениците како и граѓаните на Република Маке-донија и пошироката јавност.

**САВО КЛИМОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Во интерес на вистината ви приложувам и фактографски материјал за начинот на кој се изврши конституирањето на собраниските тела и се утврди составот на делегациите на Собранието на Република Македонија во меѓународните организации и институции.

На крај, по однос на последното обвинување е констатиран, сите закони кои досега се донесени од страна на Собранието на Република Македонија по итна постапка, а чинам дека барем за сега се работи единствено за Законот за амнестија, се донесени на овој начин исклучиво по барање на Владата на Република Македонија, а во согласност со мнозинството пратеници на Собранието на Република Македонија. Ниту еден закон јас не сум го овде преку ноќ донел по итна постапка, туку се гласало. Од тука навистина не сметам дека постои било каква можност да извршам злоупотреба на сопствената положба во интерес, ма-кар што често пати се знае да се рече "мојата коалиција".

Ова е почитувани пратеници одговорот што јас во писмена форма ви го доставив и сакав пошироката јавност да се запознае.

Денеска беа кажани и многу други работи кои што излегоа од писменото барање на самата интерпелација, кои што

навлегуваат во навреда и во коментар не само на моите политички ставови, туку навлегуваат и во нешто што значи и професионална и приватна сфера, а што мислам дека не би требало овде да биде предмет на расправа. Има места каде што можеме да коментираме и да расправаме, меѓутоа тоа е веќе прашање на претходниот дискутант кој што се произнесе по тоа.

Јас би сакал овде нешто сосема приватно да кажам.

Јас сум човек кој што почитува постари луѓе, кој што почитува повозрасни, кој што почитува попаметни, а ги има фала богу многу повеќе од мене. Можно е по политичките говори да сум го повредил и во разговорите приватни и секако, да сум ја повредил личноста господинот претседател Глигоров. Не ја исклучувам таа можност и ја користам оваа ситуација чисто лично, не како претседател на Собрание, како Саво Климовски да му изразам одреден респект, почит спрема личноста на господинот Киро Глигоров, и ако се почувствувал нав-реден во тие наши односи било овде, било во личните контакти да го прими моето извинување.

Второ, често пати додека јас ова го пишував се потсетував на онаа мисла на Петар Петровиќ - Његош за јунаштво и човештво.

Јунаштво овде можеме да покажуваме колку сакаме и се знае кои ќе бидат јунаци и кои ќе победат, меѓутоа многу посилно она човештво, а тоа е прво ние во себе да се победиме. Јас мислам и извлекувам по сето ова што сега беше кажано, иако не се согласувам со многу работи кои што господинот Спасов ги кажува, но од она што го напишавте во Интерпелацијата извлекувам сепак една позитивна констатација. Имено, многу повеќе треба во себе да го градам човештвото за да го заштитувам малцинството овде, да му ги заштитувам уставните права. И доколку ми се даде доверба и понатаму, во тој случај можеби повеќе ќе го градам во мене човештвото отколку што е јунаштвото.

Благодарам.

Почитувани дами и господа, продолжуваме со расправа.

Молам, дали некој бара збор во врска со оваа точка од дневниот ред.

Има збор госпоѓа Илинке Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Почитуван претседателе,дами и господа пратеници.

Речиси сум тррграта од личната исповест на претседателот на Собранието. И да не беше зборот речиси, јас немаше да се јавам за дискусија, меѓутоа би сакала да ве замолам да ги оставите настрана вообичаените меѓупартиски сомневања и да ми поверувате дека ќе бев многу посреќна да го немаше денешниот повод за собраниска расправа. Ќе бев посреќна да не морав од оваа говорница, макар и после пледоајето на претседателот на Собранието да изнесувам поразни но сепак тажни факти сврзани со досегашната работа и однесување на претседателот на Собранието на Република Македонија. Зошто не се согласите, и самиот чин на поставуваше на прашањето за доверба на вториот човек на една држава претставува пораф за таа држава. Велам пора и точно ја мерам тежината на искажаниот збор.

Разнишаната доверба во првиот парламентарец, како што беше речено "првиот меѓу еднаквите народни избраници", оној што треба да ја симболизира суштината на парламентарната демократија, значи разнишаната доверба во него фрла сенка врз Парламентот во целост. Затоа ниту мене, како на пратеник од опозицијата не ми е се едно каков претседател на Парламентот ќе имаме. Уште повеќе достоинството и угледот на овој пратенички дом не засега, или би требало да не засега сите нас. Во оваа сала седат пратеници на обете страни, кои учествуваат во поставувањето на законодавно правните координати на новиот политички економски систем во Република Македонија. Тие исто така ги воспоставија и нормите на однесување во ова Собрание.

Да потсетиме, ова Собрание памети жестоки конфронтации. Моменти

на високи политички тензии. Гранични линии во личното однесување на одделни пратеници. Ова Собрание памети суштински и судбински ситуации и дијаметрално спротивставени ставови на политичките партии. Се случувало во таквите ситуации субјективните видувања на некои пратеници опасно да се доближат до долниот праг на правилата на парламентарната игра, да резултираат во еквибилитистичкото толкување на Уставот, законите и Деловникот. Но, ова Собрание верувајте не памети дека некој негов член, или негов претседател континуирано ифлагрантно ги омаловажува и Уставот и Деловникот и нив ги кршел како што сака и кога ќе му текне. Ова Собрание не памети дека некој негов претседател покажувал такво отсуство за смисла на демократија и демократичност, толку отворена нетрпеливост кон правото на поинакво мислење. Таква нетолерантност во различниот став и тука додавам, драго ми е што претседателот на Собранието отсега натаму решил да го негува чоиштвото во себе. Нормално сето ова претставува елемент на профилот, на портретот на актуелниот спикер на нашето Собрание.

Прашањето што ни се наметнува е дали причините за ваквото однесување треба да ги бараме во сферата на психолошкото, или пак постојат и други елементи што ја сочинуваат општата збрканост на овој претседателски профил.

Да појдеме по ред. Да допуштиме дека е сфатлива победничкат еуфорија на господинот Климовски. Да речеме дека е разбирлива и неговата ароганција, чувството за политичка гранд д'ер. Па нели зборуваме, ајде да повториме и резимираме за човек кој после долги политички талкања, од социјалистички министер до алтернативен демократ, од член на Партијата на југословените до загрижен националист, од албанофоп до заговорник на двојазичноста во Парламентот. Значи, зборуваме за човек кој од маргините на политичките збиднувања во нашата земја, во суверена Република Македонија ненадејно и триумфално се вивна до позицијата која што ги надминува неговите способности. И сосема е разбирливо што од ова високо место и денес настојува да ни даде дополнктелно откритие за сите политички недоследности. Сето тоа се должело според господинот Климовски на некои детски болести, на демократијата, детски болести на негова возраст, да прашаме кои.

Ако господинот Климовски со сета благонаклоност што ја негува сопствената персона е во состојба да му се препушти на политичкиот самозаборав, да се амнестира себеси и пред вас денес и пред нас и да поверува дека навистина станал плурален политичар, верувајте нас или мене тешко ќе ме убеди во тоа. Зошто ние не заборавамe? Како би можеле да заборавиме кога господинот Климовски, барем во досегашната практика, дозволуваме дека од сега натаму ќе има промена во неговата практика, но од друга страна мораме да направиме анализа на она што правел досега, господинот Климовски досега сесрдно ни ја одржуваше будноста. Не мина ниедна седница на Собранието, не се случи ниедна официјална средба, јавен настап или пак изјава во која господинот Климовски не доведе уште еден"скапоцен камен" во наритетната колекција на само нему својствените мудрости.

Само да ве потсетам,бидејќи немам намера да ги набројувам оние факти што веќе се искажани и од претходните говорници, а и писмено срочени пред вас. Да потсетам балот го отвори на свечената седница кога со уста полна демократија во инаугуралниот говор уште во почетните реченици им се закани на собраниските служби, до кои, како што рече сеуште не стигнале промените.

На втората седница или на некоја од последователните најгрубо ги прекинуваше дискусиите на пратениците од опозицијата, коментираше нивни ставови, се сеќавате на еден инцидент, без да побара збор и тоа од неприкосновената улога на врвен арбитар што сам си ја додели. Тоа беше само вовед.

Дел од работите се кажани, неделовнички скроените дневни редови, сомнителното однесување кон распределбата на собраниските тела и структурите на делегациите што после беше исправено и тн., одбиваше по клучни прашања, а по бараше на опозицијата, како што беше случајот со Тајван, да свика итна седница, а како врв на процедуралниот невкус, но и како непочитување на Уставот го отфрли барањето на претседателот на државата согласно неговите уставни ингеренции да им се обрати на

пратениците за прашања од претседателската надлежност.

Смешното образложение дека претседателот на државата најнапред треба да му прераскаже на спикерот што има намера да зборува, па потоа спикерот да даде амин, да каже или не, невоспитаното титулирање и тоа навистина неможам да го простам. Невоспитаното титулирање на претседателот на нашата држава со личната заменка он заврши со фарсата кога надвор од уставната практика и вон логиката на дневниот ред господинот Климовски пресече и дозволи дискусија по обраќањето на претседателот.

Ова , но и редица други бисери од сличен карактер укажуваат на фактот дека имаме работа со авторат од ситен формат, но со космички претензии.

Според ваквите претензии тој не запира, се разбира ниту кај Уставот ниту кај Деловникот. Тој се впушти во шпекулации и калкулации за двојазичноста, имаме негови интерпретации, имаме стенограми, имаме весници, па потоа преку денунцирања и лепење етикети пред странски новинари го прогласи опозициониот Социјалдемократски сојуз за директен лајстат, за директен продолжувач на старата комунистичка идеологија, а претседателот Глигоров, да парафразирам, како претседател определен за концептот на опозицијата за прокинески настроен. Зошто беше потребно да ни се каже ова? Затоа што со ваквото однесување и со ваквите изјави господинот Климовски директно ги доведе во прашање сите изминати години на практикување на демократијата за самостојна и суверена Македонија, за да набргу потоа ни покаже што е вистинска демократија. Ни го избра новиот претседател на државата и ни го обелодени неговото име седум месеци пред претседателските избори. Грижата за тој нов претседател оди дотаму што господинот Климовски веќе презеде иницијатива за обезбедување на достојна претседателска резиденција на височините на скопското Кале и на општа вцашеност на македонската јавност токму во 5600 м2 на Музејот за современа уметност. Неможам ...

(Реакција од пратениците на позицијата).

Неможам да се спречам, можеби заедно со вас да излезам "о темпора, о морес" (какви времиња, какви обичаи) кога нив печатот им го дава стилот и креативноста на господинот Климовски.

За волја на вистината одвреме навреме господинот Климовски ја нуди својата омилена формула личен став. Јас ја почитувам, меѓутоа не и импликацијата дека ќе превидиме дека не се работи за искажан став на обичен граѓанин што ете така случајно се нашол на некоја конференција за печат, туку станува збор за изјава на висок функционер на една политичка партија и што е можеби најзначајно, станува збор за експонент на една коашиција што ја има севкупната власт во оваа држава.

Се прашувам каква е вашата проценка за штетата што"личните ставови"на господинот Климовски ја нанесуваат на ,оваа држава, на овој Парламент а богами и на вашата коалиција. Со чувство дека исходот од гласањето за оваа интерпелација е речиси ужасен, силата на математиката е тука би сакала господине Климовски најискрено да ви го препорачам следново.

Можеби не би било на одмет да побарате од претседателот на Собранието, т.е. од самиот себеси подолго платено или неплатбно отсуство, макар отишле повторно да се фасцинирате од далечниот Тај ван, но таму да најдете време за следново:

Прво, да се воведете во абеседата на политичката култура.

Второ, да се запознаете со основите на парламентарната демократија.

Трето, да се подготвите евентуално за поправен испит по Уставно право и последно, но не и најмалку важно да се стекнете со пристојно ниво на домашно воспитание..., (Реакција на пратениците од позицијата)

а бидејќи осведочено ги љубите цитатите со или без наводници ќе бидам слободна да ве потсетам на следниот "Кво ускве тандем абутере Катилина патиентиа ностра".

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? Господинот Ризван Сулејмани побара збор.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри. Денеска на дневен ред имаме интерпелација на претседател на Собранието на Република Македонија по одредени негови пропусти како претседател на Собранието. Ќе мора овде веднаш да кажам дека за дел од точките наведени од страната на предлагачите на интерпелацијата и може и ќе мора да се сложиме.

Факт е дека во ова Собрание имаше неколку пати прекршување на Деловникот за работа на Собранието. Факт е дека во текот на работата на Собранието неколку пати беше прекршен деловникот. Но, најгрубиот прекршок на деловникот беше токму при излагањето на претседателот на Републиката, кога и претседателот, а незнам по кој деловник и по кој устав беше дадена можност на одговор само на претседателот на Владата. И, од страната на претседателот на Републиката, и од страната на премиерот беа изнесени одреднеи факти и видувања за одредени политички проблеми за кои мојата партија и јас лично имав и поинакви видувања. Но, таква можност да ги кажеме нашите размислувања и нашите видувања по тие точки, не ни беше дадена можност. Јас незнам и денеска по кој правилник тогаш се постапуваше. Но, за една точка за која се обвинува претседателот а тоа е точката 2, јас лично, а и мојата пратеничка група апсолутно не можеме да го прифатиме. Тоа е изјавата на претседателот на Собранието дека ќе овозможува употреба на албанскиот јазик на говорницата. Јас и мојата пратеничка група по овој став, па и сите Албанци во РМ се изјаснија во изборите, кои беа одржани.

Знаете, една од заедничките платформи на двете политички партии беше токму употребата на јазикот во Република Македонија. Она за што можеме да го обвиниме претседателот, затоа што тој се задржува само на неговиот личен став. Затоа што, не прави тој повеќе напори тој негов личен став преовладува како став на сите политички партии во Република Македонија, па и целата политичка јавност во Република Македонија. Едно такво барање, кое е поткрепено и кое доби апсолутна поддршка во изборите во 1998 година, ќе мора еден ден да биде ставено на дневен ред. Затоа, ние чекаме. И навистина се надеваме дека еден ден ќе биде поставен на дневен ред едно такво барање, една таква точка. И, евентуално, тогаш не биде ставено и реализирано ова ветување, веројатно, ние тогаш ќе бараме интерпелација на претседателот на Собранието. Но, една појава е очигледна во Репбулика Македонија. Македонските политички партии како да им стана навика целиот нивни политички маркетинг го основаат врз Албанците на Република Македонија. Таков беше случајот со денешната опозиција поранешна позиција, која цело време додека беше како позиција и целиот негов реитинг го градеше токму судејќи ги сите потези и сите барања на албанците во Република Македонија. На жалост, денеска, денешната опозиција како да сака да ја копира денешната позиција. Тој начин на решавање на меѓуетничките проблеми, апсолутно не може да биде прифатено.

Уште повеќе кога денеска кај нас и околу нас се случуваат настани кои по сите оценки, било тоа да се политички, било да се тоа аналитички, укажуваат на тоа дека лесно може да се префрлаат во Република Македонија. Крајно опасна е таа теза ако ние сакаме во Република Македонија да градиме политички ставови, осудувајќи .. едни реални барања на Албанците во Република Македонија. Според тоа, јас овде повеќе би апелирал од денес да се обидеме да воспоставиме еден општ консензус за решавање на овие отворени политички прашања а меѓу првите е токму потребата на јазикот на Албанците во Република Македонија. И, тоа да биде од денес и понатаму. Не би смеело, навистина не би смеело ние и понатаму да оставаме простор, како што оставаме, дури да ни доаѓаат разни надворешни емисари по разни телевизиски емисии и да ни држат предавања како и што ќе биде со Република Македонија. Нашите кавги, нашите недоразбираша, нашиот нејасен став по овие клучни прашања за Република Македонија неминовно ќе водат кон тоа тие и таквите емисари да најдат поволно тло да шират разни информации и дезинформации.

Според тоа, јас би го заклучил моето излагање со едно многу сериозно, многу навистина искрено барање, дефинитивно прашањата,отворените политички прашања да им пристапиме посериозно кон нивното решавање. Ваквиот начин на поставување на прашањето, апсолутно не значи решавање на истите. Тоа само значи одлагање, а одлагање ан прашањата незначи решавање на прашањата. Тоа значи само мултиплицирање на проблемите кои можат во крајна линија да ерутпираат и да создаваат неконтролирани процеси, кои што

верувам никој во Републиката денеска, па и за секогаш не би ги сакал. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

МУ благодарам на пратеникот господинот Ризван Сулејмани.

Молам, кој друг бара збор?

Господинот пратеник Фатмир Адеми побара збор.

**ФАТМИР ЕДЕМИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, со дел од дискусијата на мојот претходен говорник не би можел да се согласам, бидејќи се осврнува на некогашната опозиција денешна позиција дека на р'бетот на меѓунационалните односи добиваат политички поени, а не се осврнува на денешната опозиција.

Дека на р'бетот на меѓунационалните односи добиваат полтиички поени. Поднесената интерпелација за работата на претседателот на Собранието од страна на Пратеничката група на СДСМ мислам дека е бледа, површна и неаргументирана. Вашето перманентно инсистирање за излагањето на претседателот пред пратениците е само една нечиста политичка игра и тоа со личноста претседател на Република преку кого сакавте некако апушално да критикувате се што не е СДСМ за да ги камуфлира-те вашите неуспеси во последните избори и вашата корумпираност за време на вашето катастрофално владеење со оваа држава.

Впрочем, дека претседателот на Републиката е жртва на својата политика, но и марионета на вашиот политички куклен театар, би-дејќи после излагањето на претседателот, вие до еден ја напуштивте салата и го оставивте претседателот сам да се брани со своите фрлени бумеранзи.

Во првиот дел на поднесената интерпелација каде што се забележува дека претседателот на Собранието господин Саво Климовски му оневозможува на претседателот на Републиакта да му се обрати на Собранието по повод воспоставувањето на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Тајван, се неосновани. Однесувањето на претседателот на државата наликува на автокаратско однесување што го повредува принципот за поделба на власта, што јасно е утврден со член 8 од Уставот на Република Македонија на законодавна, извршна и судска власт.

Да ве потсетам, господа пратеници од СДСМ за неколку уставни одредби кои ги регулираат надлежностите на Собранието , претседателот на Република Македонија и Владата на Република Македонија. Имено, сбгласнб член 85 од Уставот на Република Македонија претседателот на Републиката го известува Собранието за прашања од неговата надлежност најмалку еднаш годишно.

Понатаму, член 91, став 9 Владата на Република Македонија воспоставува дипломатски конзуларни односи со други држави. Значи, исклучива надлежност е на Владата да воспостави дипломатски конзулар ни односи, а не на претседателот на Републиката. Без оглед на се претседателот на Собранието одговори позитивно на барањето на претседателот на државата. Иако, првиот пат претседателот се откажа, пак повторно го обнови барањето и претседателот се обрати на граѓаните преку Собранието на 18.02.1999 година.

Што се однесува на вториот дел на забелешките каде што се смета одговорен претседателот на Собранието за создавање атмосфера околу потребата на двојазичност во Собранието на Република Македонија и неовластеното обавување на слушалки за новата сала на македонското собрание кои треба да обезбедат технички услови за симултан превод.

Пред да продолжам, само да ве потсетам дека токму вие со вашите коалициони партнери со години манипулиравте со пишувањето и усвојувањето на новиот Деловник за работа на Собранието, секогаш со оправдување дека сеуште нема добра клима. Да ве птосетам само накратко и дека во стариот инвентар во салата на Собранието има слушалки за симултан превод. И на неколку членови од стариот Деловник како член 5, член 59, член 60, член 61 итн. што се регулира употребата на јазиците на народностите односно националностите. Со овие членови се регулираат правата на делегатите односно на пратениците да се служат со јазикот и писмото на народот одниосно народностите во Собранието и неговите работни тела. Друго е прашање колку е во колизија деловникот со Уставот. Има многу примери во развиениот свет како се применува двојазичноста и повеќејазичноста. На пример, во Белгија од 1932 година официјално е воведена двојазичноста во оваа земја врз основа на целосна еднаквост на францускиот и холандскиот јазик. Што се однесува до двојазичноста во Финска со член 14 од Уставот на Финска се наведува дека финскиот и шведскис јазик се национални

јазици на Републиката. Се гарантира употребата на шведскиот јазик во Парламентот . Судовите , управните власти, како и од нив да добиваат документи на тој јазик. Иако, според пописот од 1989 година во Финска има само 6% Швеѓани. Освен во овие држави и во Швајцарија, во фоицијална употреба се 4 јазици, како германскито, францускиот, италијанскиот и романскиот . Освен западните земји можеме да се осврнеме и на далечниот исток Индонезија, Индија каде како официјален јазик се многу јазици.

Активностите преземени за конституирање на работните тела на Собранието и на делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија, мислам дека не треба посебно образложение, би-дејќи во одговорот на претседателот на Собранието е доставен допис преглед на сите активности, критериуми според кои се утврдува бројот на претседатели и членови на работни тела.

Само едно ќе кажам дека вие, господа пратеници од СДСМ, во времето на Вашето владеење, посебно од опозицијата од ДПА, ниеден пратеник од ДПА не беше вклучен во ниедна меѓународна организација, како што е Европската унија, НАТО, ОБСЕ итн. Затоа, ве советувам кочете малку, бидејќи возите во погрешна лева црвена насока.

На крај забелешките дадени наводно дека сите закони се донесени по итна постапка без можност за темелна подготовка. Да кажам дека сите предложени закони во каква процедура ќе поминат не зависи од спикерот на Собранието, туку ќе зависи од нас сами пратениците, бидејќи ние пратениците сами решаваме во каква процедурална форма ќе поминат законите.

И, нешто да ве потсетам, вие во вашето владеење донесовте голем број закони под итна постапка што беа оспорени од Уставниот суд. Јас можам да ви набројам многу закони донесени по итна постапка во последните години од вашето владеење. Но, во интерес на времето

тоа нема да го направам, иако тука ги имам сите пред себе. Само на крај би кажал дека потполно се согласувам со одговорот на прет-сдателот господин Саво Климовски на интерпелацијата поднесена од страна на пратеничката група на СДСМ. Ви благодарам за вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Фатмир Етеми.

Дали некој друг бара збор?

Реплика има господинот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, без навистина да имам некоја намера да реплицирам, туку само сакам да дообјаснам можеби пратеникот добро не ме дослушал со оглед дека ова Собрание го гледаат граѓаните, а јас многу јасно кажав дека сегашната позиција поранешна опозиција градеше реитинг преку Албанците. Истото, на жалост, го прави денешната опозиција и поранешна позиција ,сакајќи да ја копира денешната позиција, поранешната опозиција. Само тоа скав да го кажам, за да не дојде до недоразбирање. Инаку не со цел да реплицирам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, му благодарам на господинот Ризван Сулејмани. Дали некој друг бара збор? Госпоѓата Марковска побара збор.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, не очекував дека.расправата по денешната интерпелација односно нејзиното образложение ќе започне со темите од типот заминувашето на УНПРЕДЕП, бегалците во Македонија и 12.500 присутни војници на НАТО односно истите ќе бидат поврзани со името и презимето на господинот претседател на Собранието Саво Климовски како причина и последица адекватно на интерепелацијата, бидејќи беа изречени одредени невистина, сметам дека за волја на вистината треба истите да се образложат од проста причина што тие прво, не се врзани за интерпелацијата, а второ исто имаше едно послободно нивно толкување.

Прво, заминувањето на УНПРЕДЕП не е волја на претседателот ниту волја на ова Собрание. Ние изразивме жалост од проста причина што ова беше превентивна мисија, која што беше превентивна мисија која што наиеде на големо разбирање, не само кај нас, туку и во пошироката јавност.

Второ, дека ниту Владата, ниту Собранието не знаат колкав е бројот на бегалците во Република Македонија е ноторна невистина од причина што точно се знае бројот на бегалците во Република Македонија односно на луѓето кои што имаат статус на хуманитарно згрижеш лица и на оние кои имаат статус на бегалци, како и што тој број е толкав, колкав што ќе биде и при нивното враќање. Односно дека не е точно во Република Македонија дека никој не води грижа што и како ќе се случи со

овие лица кои што престојуваат во Република Македонија до проста причина што, верувајте, ниту на тие лица им е добро што некој ги одвои од нивните огништа, ниту пак на нас за волја на вистината ни е добро што мораме да ги примиме од причина што сме потписници на конвенции кои што го обврзуваат меѓународниот статус на Република Македонија во Европа и пошироко и чиј престој овде Република Македонија од Буџетот треба да издвои голем број на средства.

И, на крај, дека во Република Македонија претстојуваат 12.500 војници за НАТО без никаква писмена или усна потврда односно без никакво влијание на Владата во нивната бројка или во нивниот .... престој во Република Македонија, ќе потсетам само дека членството во НАТО на Република Македонија е прашање за кое што постои национален консензус и на позицијата и на опозицијата, дека ние сме членка на асоцијацијата Партнерство за мир, дека присуството на овие војници за нас во овој момент претставува можност за подигање на повисоко ниво на односите меѓу НАТО-алијансата и Република Маке-донија и дека на крајот на краиштата што за нас е особено важно заради многу блиско присуство на војната во опкружувањето на Република Македонија добивме една изјава од генералниот секретар Хавиер Солана, кој што за жал не е писмен, меѓутоа, на чие што, можеби неписмено изјаснување, меѓутоа писмена гаранција, веќе работи Владата на Република Македонија, а тоа е безбедноста на Република Македонија дека ќе биде гарантирана токму од војниците на НАТО-алијансата.

Кога сме веќе кај интерпелацијата само ќе кажам дека не е многу пријатно за никој од нас, прво, како луѓе, ниту од мојата лева, ниту од мојата десна страна, бидејќи можеби вакви интерпелации ќе има и понатаму во четиригодишното работење на овој Парламент, некој да дава психолошки пресек на личноста.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА**: (Продолжение)

Прво, реков, затоа што сме луѓе, а второ и многу поважно затоа што не сме стручно овластени тоа да го вршиме. За тоа има платени луѓе и тоа дебело ги наплаќаат своите услуги. Така што се она што овде ќе се каже може да биде само во тоа дали некои работел во рамките на законските овластувања, а не дали некој психолошки е погоден на оваа или на онаа функција.

Во врска со обвинувањето на тоа дали претседателот на Собранието ја заобиколувал процедурата во Собранието или не, морам да кажам едно општо востановено правило секаде во светот дека процедурата во Собранието има ранг на закон. Голем број од нас пратениците мора да го почитуваат тоа, без оглед дали се работи за пратеници на позиција или на опозиција.

Со сиот самокритички придонес, почнувајќи од себе, веројатно однесувајќи се на голем број од Вас, без оглед дали сме членови на позикција или опозиција, ми се чини дека најголемиот дел од нас кога ќе излезат на оваа говорница сакаат повеќе да излезат од рамките на она што треба да се говори на седницата, односно повеќето како да не сакаме да се почитува востановениот дневен ред. Јас досега не сретнав ниту еден случај, покрај тоа што претседателот на Собранието го има како деловничко право и покрај тоа што голем број на пратеници досега излегуваа од рамките на договореното, односно од рамките на она што е на дневен ред да биде прво опоменат, второ како втора опомена да има и трето да биде исфрлен од говорницата, бидејки ако го прочитаме делов-никот, претседателот на Собранието го има и тоа право. Значи, можеби, ако веќе и постоело такво негато, не велам дека можеби не постоело, сепак тоа било резултат на добрата желба да се најде едно заедничко решение кое што ќе биде подеднакво добро и за позицијата и за опозицијата. Во однос на тоа дали претседателот на Собранието му го ускратил правото на претседателот на Републиката да говори за прашањето од неговата надлежност.

Не навлегувајќи во една, да кажам датумска дискрепанца која што настана по повод барањето на претседателот на Републиката да се обрати до Собранието, бидејќи прво беше востановен еден датум, потоа датумот на Собранието беше изместен за една недела поради обврските на претседателот на Републиката. Она што овде беше речено од страна на претставниците на опозицијата дека после излагањето на говорот на претседателот на Републиката нема уставно право некој да говори, ми се чини дека постојат некои вообичаени правила или постојат некои вонустановени или уставни и нормативни норми од кои ќе треба да се ослободиме. Дали се работи за актуелниот претседател, или за претседател од друга провинциенција кој што ќе може да биде избран понатаму, не навлегувам, меѓутоа факт е дека никаде, ниту во деловникот на сегашниот таков каков што е со сите свои

недостатоци деловник на Собранието на РМ ниту пак во Уставот на Република Македонија не стои дека после претседателот претседателот на Републиката не смее никој да се јави за збор.

Точно е и вообичаено право беше дека после говорот на претседателот на Републиката досега никој не се јави за збор. Меѓутоа, факт е и тоа дека во досегашните свои говори претседателот на Републиката зборуваше за тоа што тој направил во тој изминат период помеѓу двете обраќања пред Парламентот. Последното обраќање на претседателот на Републиката беше обраќање со голем број на квалификации кои беа на цена на тоа како работела Владата на Република Македонија, како се однесувале пратениците на Собранието, а секако дека не може да си дозволи на едни такви да кажам можеби во еден дел и груби навреди, да остане без одговор. Можеби грешката, пак ќе кажам никој не е безгрешен, беше во тоа дека сепак ова Собрание требаше да се изјасни за тоа, бидејќи имаше предлог да не се зборува, или да се зборува. Собранието, верувајте, бидејќи беа изразени груби квалификативи за неговата работа и за работата на Владата, ќе се изјаснеше дека треба да има дискусија по тоа прашање, како што врочем и се отвори дискусија и се кажаа и други работи во одбрана, бидејќи  ало некој е нападнат ќе треба да му дадете можност да се одбрани, без оглед на тоа дали е од левата или од десната страна.

На крајот, за тоа дали постојат лични ставови, или постојат ставови на носители на јавни функции.

Сите ние овде што сме вклучени во работата на Парламентот односно сите пратеници, сите носители на јавни функции, сме тиа кои штс сме избрани да ја извршуваме работата за дадениот мандатен период. Никој од нас нема да бара или многу ректо ќе се случи да бара изјави во својство на приватни лица. Така да мислам тежината на јавно изречениот збор за секој од нас вреди многу повеќе, отколку на било кое друго лице и секогаш некој кој го искажува своето мислење треба да направи динстикција во однос на функцијата која што ја има. Во овој случај мислам дека претседателот на Собранието направи динскстинција за тоа што тој мисли по прашањето на повеќејазичноста, не би рекла двојазичноста, бидејќи тој рече дека тоа го кажа во лично својство, бидејќи, без оглед на тоа што овде беа изречени, од страна на опозицијата, работи дека тоа претствувало договор или било каква платформа на настапувањата на коалцијата, за Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ својствено е и основен предуслов е почитување на Уставот на Република Македонија кој што е сосема дециден и јасен и во кој се кажува дека службен односно официјален јазик во РМ е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо. Се разбира тоа е обврзувачко за сите нас, не само за пратеничката група и за коалицијата и се друго може да биде во доменот на личните размислувања.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата Гулистана Марковска. Има збор госпоѓата Наталија Марковиќ-Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, денес од оваа говорница слушнавме многу конфузни изјави и образложенија на интерпелацијата, образложенија кои воопшто не беа во рамките на вашата дадена писмена интерпелација. Меѓутоа, од Интерпелацијата и од Вашите говори можеме да заклучиме и позитивни и негативни страни. Имено, за мене позитивно е тоа дека од овие говори и од поднесената интерпела-ција гледаме дека петмина од страна на опозицијата се обидоа да го прочитаат Уставот. Негативната страна на сето ова е што не го читаа за време додека беа во позиција на позиција и за време додека требаше да го применуваат Уствот, законите и деловникот. Меѓутоа, навистина не можам да се согласам со изјавата од оваа говорница дека ова Собрание памти. Дали ова Собрание памти, или памтат сите оние што во ова Собрание ја учеа лекцијата за парламентарно воспитување, или сите оние што во ова Собрание на некој начин ја учеа лекцијата за позитивна практика која што нас ни ја кажуваат и ни ја натураат.

Ова Собрание веројатно претрпе една огромна амнезија, по завршување на изборите и очигледно е дека многу од ова непамти, на прво место заборави дека изборите завршија и дека овде неможеме да ги пласираме идеите и боите на политичка партија за која е рано да се прави политички маркетинг. Исто така заборави дека при предлогот за формираше на Анкетна комисија за испитување на одговорноста за, екс претседателот на ова Собрание беше напоменато потпишување на седум акти во текот на 1997 година, каде што за едниот акт веќе имавме донесено одлука на Уставниот суд во "Службен весник на Република Македонија од 8 декември. Исто

така имаше жустри бранења на она што значи уставност, законитост во постапките и работата, но никој од Вас не сакаше, или не умееше да констатира дека, сепак, генезата на проблемот беше потпишувањето на актите и дека тоа беше флагрантен упад во уставниот систем. Дали тогаш беше непознавање на Уставот, или ненаклоност за негова примена. Тука ми се поставува прашање на кое не можам да си дадам одговор, но веројатно со текот на одржување на седниците и тоа ќе произлезе од оваа говорница.

Исто така, неколку обвинувања во Интерпелацијата, во кои образложенија капацитетот на искажувањето, како што беше кажано од говорницата, слушнавте само една епизода од тоа. Мене ми е баш сеедно дали ќе слушнам една епизода или ќе го слушнам целиот филм, зошто капацитетот на искажувашата мене не ми нуди никаква содржина на која можам да се повикам или да одговорам.

Би сакала, исто така неколку зборови да кажам за поднесената Интерпелација и тоа по точките на кои Вие се повикувате за одговорност на претседателот на Собранието, односите меѓу претседателот на Собранието и претседателот на Републиката.

Уставот како највисок акт во хиеархијата на актите, во членот 85 ја утврдил надлежноста на претседателот на Република Македонија и тоа во став 1 и 2. Меѓутоа, веќе во член 91 во став 1 и во точките 8,9 и 10 ја утврдува и надлежноста на Владата на Република Македонија. Што значи тука не е повредено уставното право заради тоа што тоа право и припаѓа на Владата на Република Македонија. И веднаш да се надоврзам на некоректното однесување помеѓу претседателот на Собранието и претседателот на државата. Би кажала дека не е некоректно ако претседателот на државата е поканет на секоја седница на ова Собрание и ние уште во воведот на одржување на седницата слушаме дека е поканет,а тој не се одзвал на поканата. Значи тоа не е некоректно однесување.

Понатаму наводното пласирање на прашањето на двојазичност и набавување на слушалки за оваа сала. На ова нема многу да се задр-жувам затоа што имаше повеќе образложенија од страна на позицијата и од страна на претседателот. Меѓутоа, ќе ве потсетам на еден многу свеж пример. Денес кога нашиот почесен гостин, Лордор Расел Џонсон се обрат на ова Собрание и на граѓаните на Република Македонија,немаше можност за симолтам превод. Дали тоа значи форсирање или пласирање на двојазичност од говорот на претседателот или ако добро прочитате во одговорот на; интерпелацијата тоа е почитување на уставните права, а симултаниот превод е неминовен заради гостувањата на луѓе кои што ќе сакаат да се обратат и кои треба да не ни делат преводи на говори.

За начинот на водешето на седниците, сметам дека е во согласност со Уставот, законот и деловникот улогата на претседателот на Собранието во конституирање на работни тела и утврдување на состав на делегации на Собранието на Република Македонија, иако имаме фактографски материјал од кој е видно како се конституирани телата на Собранието на РМ, односно делегациите на РМ. Јас лично сум член на Советот на Европа и очевидец исто така дека на три уредни покани до опозицијата, а тука ја инкорпорирам Партијата на СДСМ и ПДП немаше одзив ниту писмен ниту усмен, ниту присуство на договорниот состанок на кој што би се потврдило присуство или неприсуство односно партиципирање во таквата работна група. Тоа не значи дека телата се конституирани на некоректен начин. Тоа значи некоректност во одговарањето на прашашето. или барањето даставено од претседателот или од надлежните до Вас почитувани колеги.Тоа доведе до ситуација последниот ден да се пратат акредитациите. Ако тоа не се стореше тогаш ќе постоеше неможност за гласање во Парламентарното Собрание на Советот на Европа од делегацијата на Република Македонија.

И на крајот улогата на претседателот на Собранието во донесување на закони по итна постапка. Тука не гледам дали претседателот на Собранието некогаш индивидуално одлучува дали би го донел законот по итна постапка, или Собранието одлучува за тоа. Јас мислам дека Владата ги доставува предлозите, а овде Собранието одлучува дали Законот ќе се донесе по итна постапка или не.

На самиот крај, кога го разгледував одговорот на Интерпелацијата вниманието ми беше свртено кон поставените можни елементи за одговорност во Вашата интерпелација. Дојдов до еден заклучок дека вредноста е всушност распонот од она што било и она што ќе биде. Значи критериум за вредност веќе не постои.

Од името на пратеничката група на Демократска алтернатива ние ќе гласаме против предложената интерпелација на Социјалдемократскис сојуз.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата пратеник Наталија Димова.

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Љутвии Билали.

**ЉУТВИИ БИЛАЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Пратеничката група на Демократската партија на Албанците со нагласено внимание ги следи потезите,настапите, размислувањата па дури ако сакате се повеќе профилираниот политички курс и политичко кредо на СДСМ и тоа со нужно внимание. Очкеуваме дека во оваа лажно лева оркестрација, но со сосема јасни цели наскоро да им се прќклучат и многу, на СДСМ сестрички, политички и неполитички групации и партии. Во помирни времиња сето тоа ќе изгледаше квалитетно поинаку. Но, во ова бурно време, преполно со политички мрак, безумие, елементарниот политички морал ке се осудам да речам, не ја допушта ваквата политичка, најблагоречено хистерија. СДСМ патем сето тоа смислено го прави со јасни намери со прејасни намери, зошто не и цели.

Нашата пратеничка група без никаков опуртунизам, коалициона солидарност, политичка математика и на тоа слично, ниту еден елемент наведен во интерпелацијата за претседателот на Собранието Саво Климовски не го прифаќам и ќе гласам против. Уважеиот претседател на овој висок дом на нему својствен начин, компетентно, со изразито јасна реторика, стил и смисла не удостои со одговори кои во суштина, чинам се рефлектирам на најдобрите намери да фати корен една политичка филозофигја па и етика која е кореснодентна со времињата кои ги живееме, со целите кои ги посакуваме и што е посебно битно да се детонизираат многуте хипотеки што опонентите ги создадоа со неверојатна леснотија во изминатите осум години. Патем грубата дисквалификација на претседателот на Собранието е кондензирана во последниве неколку недели. Прввиот чин е премногу видлив во мас медиумите. Стилот на настапите на челниците на СДСМ, програмаштвото што се меша во извесни елементи на револуционерна реторика да бидам искрен, треба да ја загрижи ио тоа добро не само македонската јавност,без драматика, можеби и меѓународната која во сето бва, не сум сигурен дека гледа обична парламентарна имплементација на опозиција. Во име на опозиционерството има и многу други зачини чии невкус веројатно наскоро ќе го откриеме.

Претседателот Климовски, сакам да верувам, не направи ниту пак ќе направи дејание и постапки кои без типични за неговите претходници, поточно претходник за да бидеме во ситуација да се соочиме со драматични политички собития, премногу трагични за албанските граѓани и за сите граѓани на Република Македонија. Тој ја ужива нашата поддршка поради тие и такви факти.

Пратениците на СДСМ неспорно располагаат со извонредна вештина за манипулација со еден дел од јавноста. Тоа успешно го прават и по овој повод. Да се биде вешт манипулатор значи да се лаже на вистински начин. Во матни времиња манипулацијата носи многу лажен политички профит но за жал и многу трагедии. Овој Парламент и неговиот прв човек дефинитивно е определен да го функционализира уставот на државата, особено кога СДСМ пласира теза за наводна коабитација меѓу овој Парламент и шефот на државата. Шефот на државата е упатен на кохабитација со Владата. Претходната мутација рефлектираше токму аргументација што ни ја нуди пратеничката група на СДСМ. Понатаму така не ќе може заради фактот што веќе не ќе може да функционира светото тројство. Се знае закого се мисли. Свети се само вредностите што овој парламентарен соста ги инагурира, вредности кои, се надевам господинот Климовски заедно со нас ќе умее да ги штити и одбрани.

И, сосема на крајот, што се однесува до албанофобијата што истакна г-динот Спасов, СДСМ со децении се трудеше да го чува, но за тоа иам кој да зборува и да брани.

Инаку, што се донесува до водата што веќе ја пуштил, а требаше да ја пушти г-динот Џафери, да го потсетам г-динот Спасов уште тече таа вода, бидејќи тоа што треба да се чисти уште не е исчистено.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Љутвии Билал.

Збор побара г-динот рпатеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Претседателе, почитувани колеги,

Со оглед дека поголем дел од расправата веќе се одвива, ќе ми досзволите накратко да укажам на неколку точки за кои мислам дека денеска треба да се каже отворено вов рска со работата на претседателот на Собранието, Односно, очекувајте да кажам за оние точки за кои имаме несогласување или недоразбирање во врска со работата на претседателот на Собранието на Република Макеоднија.

Прво што би сакал да кажам во таа насока е дека претсеатлот на почетокот од својот мандат, изборот во ова Собрание, најави дека Парламентот ќе биде отворен за граѓаните на РМ. Сепак , се стекна впечаток, во еден период, а кога тоа требаше да се случи, дека токму од претседателот на Собранието кој најави отвореност се направи еден благ обид за затвбрање на Парламентот не пред ѓраѓаните, туќу затворање токму пред првиот човек на државата, пред првиот граѓанин на државата.

Најавивте отворање за граѓаните, а мислам дека по она што се случува не само по Ваша вина, меѓутоа со Вас на чело, Парламентот се повеќе се затвора за пратениците на Република Македонија.

Зошто ова го кажувам? Затоа што станува јасно после овие четири месеци од работата на Парламентот, за Владата се можеби сто дена, но за нас се веќе 120 денови, Собранието на РМ апсолутно не претставува центар на политичкиот живот во Република Македонија. Собранието, полека но сигурно станува маргинализиран аинституција во однос на Владата. Тоа се случува токму заради тоа што Собранието станува затворено за нас пратениците. Ние не можеме тука да расправаме за сопствените иницијативи. Собранието не може да ја креира политиката, Собранието не може да ја насочув аполитиката и се повеќе станува Собрание на маргините на политичкиот живот.

Ќе кажам и извесни примери зошто тоа го зборувам:

Прво, Собранието веќе четири месеци не зборува за клучните проблеми во РМ. Денеска имаме седница на која ќе видите кои се законите тоа е нашата должност, дел од нив веројатно се , по оценка на Владата, актуелни. Меѓутоа, ние некако заборваме дека ова Собрание е највисок политички орган во државата. Не е само законодавен дом. Ние, едноставно веќе во ова Собрание азгубивме надеж дека во вака клучни моменти во македонија Собранието треба да расправа за некои процеси.

Ние, не расправаме за УНПРЕДЕП. Пред два часа се одби тој предлог. Ние не расправаме за присуството на НАТО. Ние не расправаме за бегалците. Ние не расправавме ни за економијата до сега ништо. Еднаш, по инсистирање на опозицијата расправавме за , по инсистирање на СДСМ за надворешанта политика на новата Влада и на РМ всушност.

Ние, колеги пратеници и г-дине претседател, не расправаме за клучните проблеми во оваа држава. Минералните суровини, што се денеска клупна точка на дневниот ред, не се битниот проблем во РМ. Битни се проблемите за кои зборував. Ова е највисок дом.

Ако ние ја испуштиме шансата, а мислам дека претседателот со своето однесување малку даде повод ова Собрание да се маргинализира да не знаеме и да не сакаме да расправаме за НАТО присуство, за заминувањето на УНПРЕДЕП, за бегалците, за безбедноста на Македонија, тогаш ние се маргинализираме во однос на Владата. Тука не гледам дека е тоа нешто на што претседателот не може или не можел да влијае. Едноставно, Вие г-дине претседателе сте прв по моето сваќање кој треба да ги бара тие расправи. Вие имате устана надлежност да утврдувате дневен ред пред пратениците. И, не е никаков проблем, наместо тука мачно да го утврдуваме дневниот ред со континуирано одбиваше на важните точки на Парламентот и за дражвата, Вие да ги ставите на дневен ред. И, со тоа да го вратите Парламентот таму каде што треба да биде, во центарот на политичките настани во РМ. Јас очекувам Вие, како што самиот се прогласивте за прв меѓу еднаквите, да го барате тоа од Парламентот. А Вие, оценувам дека некако одите повеке во заштита н апозициите на Владата и го фаворизирате нејзиниот примат во однос на Собранието по важните теми за кои на макеоднската политичка сцена треба да се расправа.

Сакам да кажам дека од поднесувањето на интерпелацијата до денеска , сфатете го како израз на доверба во таа насока или како израз на обид за враќање на некои демократски принципи во РМ, Вие

направивте и некои позитивни чекори, што не сакам да ги прескокнам. Меѓутоа, ги направивте, факт е, откако се поднесе интерпелацијата. Меѓутоа сметаме дека тоа е, сеуште, еден знак на кој можеме натаму да работиме Има уште два примери што сакам да ги наведам:

Прво, направен е еден чекор на отстапка кој не е доволен, меѓутоа е отстапка од првобитната позиција, односно при составувашето на делегации на РМ во меѓународните парламентарни асамблеи или како се велат.

Второ, актуелен е предлогот, доставен од Собранието до нас за расправа, за шеф на Комисијата за контрола на Агенцијата за разузнување и контра разузнавање да биде пратеник од опозицијата.

Овие два чекори ги сметам за чекори што се во добра насока и на некој начин се поништување на првобитното тврдо инсистирање на Парламентот, на чие чело сте Вие, опозицијата да биде отстранета од овие позиции. Меѓутоа, сметам дека овие чекори не се доволни, дека треба уште да се прави.

Мислам дека Собранието има сериозни проблеми со процедурата. За мене е отворено прашањето дали тие проблеми произлегуваат од немањето искуство или од намера? По некогаш добивам впечаток дека се работи за двете. За тоа е пример денешната седница. Имаме процедура за која сме се договориле дека на оваа седница треба да има информација за бројот, структурата и т.н. на НАТО во Македонија и за бегалците од Косово. претставникот на Владата прифатил за оваа седница. Ние тоа записнички го утврдивме. Претседателе, Вие требаше не да чекате од нас да реагираме. Вие требаше да ја притискате Владата кога ја закажувате седницата, врз основа на нашиот заклучок, Собраниски, тие инфорамции да бидат доставени тука. Меѓутоа, таа процедура не функционира. Добивам впечаток дека Вие, на некој начин, сакате да излезете од процедурата во заштита на Владата, а сте претседател на Парламентот не на Владата. Затоа, мислам дека проблемот со процедурата е всушност суштински проблем на ова Собрание. Може да стане и те како сериозен проблем затоа што без процедура нема демократија, без демократија нема легитимни одлуки. Не се носат без демократска процедура легитимни одлуки. без тоа не очекувајте од нас да имаме доверба.

Понекогаш, исто така, се добива впечаток дека Вашите потези или Вашите одлуки имаат боја на политичка припадност. И, дека не се опредеспени од Уставот, од Законот, од деловникот или актите што го определуваат работењето и одчесувањето на претседателот на Собранието. Се разбира дека Вие ова го негиравте во писменото обраќање и усменото овде, тоа е всушност истиот текст, но има примери каде што тоа може да се потврди. За дел од нив кажав. Но, ќе посочам на уште еден за кој се збореше, меѓутоа би сакал да фатам еден друг агол и да бидеме малку искрени и отворени.

Јас, отворено Ве прашувам г-дине претседателе, дали Вие при уставната можност на Претседателот да се обрати на Парламентот ќе дозволевте расправа во неговото излагање доколку претседателот беше од политичка провинијенција блиска до Вас? Не сум убеден. Мислам дека во таа ситуација ќе го штитевте претседателот, што значи дека вашата политичка припадност почнува да го одредува Вашето политичко однесување. И, дека токму политичкото не согласување кај Вас надвладеја за да го изложите рпетседателот на омаловажување, наместо да пренавладее кај Вас потребата да го штитите Уставот и законите. Дури, да Ви кажам искрено, а сватете го ова и како шала, седејки овде во првиот ред, денеска, после излагањето на Расел Џонсон, нешто ме сепна, помислив или да не прашате дали нејој саќа да се јави за збор, има некакво несогласување со идеите што тој ги изнесе, бидејки беше сличен тип на обраќање. Тоа е обраќање, тоа не е расправа по дневен ред.

Господине Климовски, исто така сметаме и сметам дека претседателот на Собранието мора да е многу поодговорен за своите изјави и постапки и во Парламентот и надвор , каде што го претставува, согласно Деловникот и Уставот Собранието на Република Македонија. И, на тој начин да бидете претседател на Парламентот односно на сите нас, а не претседател на мнозинската коалиција во Парламентот.

Јас мислам дека мора да се направи дистинкција и разлика помеѓу настап на предизборен митинг или настап пред шатори на студентски демонстранти и настап од позиција на претседател на Парламентот. Мислам дека претседателот на Парламентот мора да има многу поодмерени изјави.

Изјавата за тоа кој ќе биде иден претседател, мислам дека е неодмерена и несериозна. Мислам дека е проблем со овој Парламент и со македонската политичка сцена ако Вие веќе имате јасна визија кој треба да биде идниот претседател на РМ и тоа јавно го соопштувате од позиција на втор човек на законодавниот дом. И, дека соопштувате дека тој не е ниту од ВМРО-ДПМНЕ ниту од СДСМ, ниту од ЛДП, ниту од ПДПА или другите политички опции, туку дека тој е од ДА и дека има име и презиме.

Зошто ова го кажувам? Се поставува прашањето како Вие очекувате понатаму да веруваме во една фер процедура и псотапка за избор на претседател што следи во наредните 6-7 месеци во РМ кога Вие веќе однапред го имате кандидатот, а едновремено сте на чело на телото или органот, на чело на ова Собрание кое што ќе ја избере Државната изборна комисија, ќе ги избере изборните одбори, ќе ја одреди процедурата за избор, а во најавите на Владата ќе треба да донесе и нов закон за избор на претседател или измена на стариот. И, како да веруваме дека во целата оваа процедура нема да бидете пристрасни, со цел да"обезбедите" проток на веќе дефинираниот кандидат . Мислам дека не требаше да го направите тоа. И, што едновремено да мислат сите оние кои имаат право на глас или право на предлагање на кандидати, а го немаат истиот кандидат во главата? Дали тие веќе не се во една позиција да се гледа од страна на државните органи дека се преферира избор.

Сега, дозволете да направам уште една забелешка и едно хипотетично квиз прашање , што Вие мислите , кој ќе биде претседател на Парламентот на Република Македонија до колку стане претседател тој кој Вие го кандидиравте во јавната изјава пред Тајванските новинари?

Вие мора да гарантирате, како претседател на законодавното тело, фер и транспарентен процес на избори, а не однапред да го определувате претседателот.

Иако можеби не е времето, само ќе надополнам дека пред неколку дена слушнавме уште една изјава, овој пат од претседателот на Владата на РМ кој кажа дека на средбата на двете политички раководства на партиите на валст било договорено, тоа го слушнавме во живо во изјавата, за жал на опозицијата, дека тие ќе останат на власт уште 8 години.

Да Ви кажам, почнуваме да стануваме загрижени од тоа дека во Македонија идниот претседател и идните 8 години кој ќе ја раководи Владата, се одредува на договори на политички раководства или на изја-ви на претседател на Собрание, а не на непсоредни избори. Иако може ова да звучи претерано, сепак не е демократски или во рамки на вашите овластувања на таков начин да кажувате кога го претставувате Парламентот на РМ пред навинари или јавноста. Тоа можете да го кажете, се разбира на митинг на Вашата партија или во поинакво својство. меѓутоа, кога не претставувате и нас од СДСМ, Вие не можете да се служите со кованицата "според мое мислење". Вие го претставувате Парламентот во таа изјава.

Не се осврнувам на изјавите зашто беше кажано вов рска со кои и какви политички провинијенции одржува и продолжува во РМ, меѓутоа испадна дека ние сме продолжувачи на вас во таа концепција.

Исто така, мислам дека како претседател на Собранието ја доведувате во непри.јатна ситуација целата политичка сцена во РМ и македонското општество и граѓаните со, извенете на изразот, релативно лесно дадени изјави, на пример во врска со двојазичноста или, како што после кажавте и повеќејазичност. Дека двојазичност во Македонија треба, но можеби и не треба. Меѓутоа, ако имамнозинство во Парламентот,не е проблем и да се воведе. Па, таа ќе биде двојазичност, а може да биде и повеќејазичнсот.

Мислам дека, така лесно дадени изјави од претседателот на Парламентот кој, согласно Уставот извршува исклучително висока политичка позиција не треба да се даваат, затоа што предизвикуваат недоверба во јавноста, предизвикуваат сомневање во работата на овој Парламент, се насочув ајавното мислење, државата, се прави конфузија во таа насока дека се може и ништо не може и затоа очекуваме за клучните прашања, како што е прашањето на двојазичноста или употреба на пвоеќе јазици во македонскиот Парламент , да се разбереме г-дине рпетседателе, употребата на двојазичност во Парламентот нема да застане во Парламентот. Ако во највисоката институција на Македонија се употребува дво или повеќе јазичност, тоа  по систем на домино ќе се спроведе во сите органи.

И, мислам дека треба да бидеме, како парламент и Вие на чело на сите нас из.бран како претседател, да бидете повеќе извор на стабилност отколку извор на нестабилност и загриженост во јавноста.

Што очекуваме ние од оваа интерпелација?

Совршено е јасно на сите во овојПарламент дека коалицијата, веројатно со своето мнозинство, нема да изгласа интерпелација. И, немојте да го земете за никаков личен став или напад врз Вас. Напротив, земете ја интерпелацијата како ретка можност за искажување на разликите, но и барање на опозицијата за Ваша корекција и поголема сериозност, поголема нерпистрасност, поголема објективност и повеќе еднаков однос кон сите пратеници, без разлика на позиционо или опозиционо припаѓање.

Но, исто така ќе го повторам и она што на почетокот го кажав и поголемо залагање од Ваша страна за добивање на парламентот на оние ингеренции што полека, но сигурно Владата му ги одзема.

Јас денеска нема , се надевам нема да бидам погрешно сфатен ако кажам дека ние од Вас бараме и»шоголема подршка, како опозиција во овој Парламент, за нашите барања. Бараме и поголема соработка од Вас, бараме подобро да функционираме, се разбира, со своите политички разлики. Едновремено и ќе инсистираме и ќе преземаме чекори во иднина за остварување на нашата опозициона улога во овој Парламент, а не за маргинализација. И тука очекуваме од Вас не да расрпаваме за овие проблеми со поднесување на интерпелации, во врск. со извинувашето за претседателот Глигоров или, како го формулиравте, и вов рска со изречените реченици за поголема заштита на малцинството во Парламентот, а тоа е опозицијата, се придружувам на фактот дека деморкатијата важи за малцинството, никогаш не важи за мнозинството, тие и така се на власт. Така што, еметам дека тие две изјави станувааат тука да најдеме разбирање.

Ова што Вие го изјавивте на крајот од Вашето излагање клучни во оваа расправа. И, на некој начин, имајќи предвид дека мнозинството е на страната на изгласување на доверба во Парламентот, сметам дека овие две Ваши изјави станувааат клучни по повод на интерпелацијата што е поднесена од СДС и во таа насока ќе очекуваме во иднина Вие , овие две изјави, не само вербално како што овде ги кажавте, како и што пред четири месеци најавивте во овој Паралмент поинаков вид на демократија, меѓутоа, за жал, мислам дека не направивте чекор напред, можеби ќе спориме, по мое уверување направивме чекор назад, ќе можеме подобро да соработуваме во интерес на Република Македонија.

Ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Никола Поповски. За збор се јави г-динот пратеник Пранговски Илија.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги пратеници, на почетокот на моето излагање воопшто немам намера посебно да го бранам претседателот на Собранието на Република Македонија, од причина што навистина мислам дека за тоа не постои вистинска причина. Сметам дека г-динот Климовски како личност со сопствени лични, професионални и политички квалитети воопшто нема потреба неговото поведение да биде чувано од страна на членовите на парламентарната група на Демократската алтернатива или тоа поведение да биде брането од пратеничките групи на другите партии од владината коалиција. Кога решив да зборувам поова прашање на ова парламентарно заседание, секако, поводот беше барањето за интерпелацијата за работата на претседателот на Собранието, но причините за моето обраќање довас, сепак лежат на друго место.

Пратениците во Собранието и целокупната јавност во РМ, на одреден начин, веќе се заморени од начинот на работа на најголемата опозициона партија во овој законодавен дом, работа која најлесно може да се опише како политички истрели во празно. Денешното барање за интерпелација е уште еден евидентен доказ за продолжување со оваа политичка пракса, која навистина не може да донесе резултати затоа што и нема вистинска цел, или барем јас не сум во состојба таа цел јасно да ја увидам.

Во образложението на оваа интерпелација, побарана од пратениците на СДСМ повторно можеме да ги прочитаме и да ги слушнеме веќе излитените фрази слушнати и порано, најгласно кажани по повод Законот за амнестија и воспоставувањето на дипломатските односи со Република Кина - Тајван. Фрази од типот "политичка инструментализација на работата на Собранието", "загрозување на функционирањето на правната држава",

"непочитување на ингеренциите на претседателот на државата", "кршење на Уставот и непочитување на уставните права на различните чинители на власта". Ако човек внимателно ги проанализира вашите обвинувања, дами и господа од опозицијата, ќе помисли дека нивната содржина постојано само ја препишувате, а вонив само ги менувате адресите на кои ги упатувате обвиненијата. Во еден случај тоа беше министерот за правда, во друг случај министерот аз надворешни работи, во трет премиерот, денес е претседателот на Собранието. Во најмала рака човек би очекувал и поголема фантазија во образложувањето на овие обвинувања. Еве, денес слушнавме и нешто повеќе во смисла на таа збогатена фантазија, меѓутоа, вака ми се наметнува впечатокот, барем мене, дека се работи за обвинение заради обвиненија, без вистинска аргументација и без права политичка тежина. Можеби ова мое обвинение ќе прозвучи од прво како едно од неаргументираните обвиненија на СДСМ, но проблемот од ден на ден станува се поевидентен. Ќе се обидам накратко да ви го објаснам моето мислеше самосоеден пример што беше случај непосредно пред месец или месец и пол пред ова Собрание.

СДСМ на прв поглед остро се спротивстави на воспоставувањето на дипломатските односи со Република Кина - Тајван и бараше свикување на итна седница на Парламентот. По истиот повод се јави и претседателот, барајќи итно да му се овозможи обраќање до пратениците, при тоа без да се погрижи тоа свое обраќање барем накратко да го рбразложи аргументирано. Наместо да се инсистира на редовна постапка и почитување на Деловникот на Собранието, за кој најмногу се залагате во изминатите неколку месеци, за почитување на Деловникот, а на што на повеќе наврати укажуваше претседателот на Собранието г-дин Климовски, СДСМ се обидуваше да го прескокне Деловникот и да направи драма, изнасилено обидувајќи се да ја анимира и македонската јавност преку собирање потписи и слични акции. За жал, претседателот на државата, наместо да го искористи своето политичко искуство за максимално смирување на страстите, падна во замката на непотребното долевање масло на оган со своето емотивно обраќање до јавноста. Дека се работеше навистина за непотребна драматизација на еден политички спор, кој што е сосема реален и објективно присутен во секоја парламентарна демократија, најлесно се гледа по фактот дека набрзо потоа се одржа седница на која Владата понуди опстојна информација,на СДСМ спорното воспоставување на дипломатски односи и потоа се одржа и седница на Собранието на која до членовите на Парламентот се обрати претседателот на Републиката г-динот Киро Глигоров, со свое гледиште за проблемот. Со тоа, претседателот на Собранието г-динот Климовски ги исполни сите барања на опозицијата и претседастелот на државата, се разбира со потполно почитување на Деловникот на Собранието и Уставот на Република Македонија.

Каде се ја гледам јас несериозноста на пратениците од опозицијата.

На седницата која се одржа по нивно барање, мислам на онаа седница на која се расправаше за воспоставување на дипломатските односи со Реппублика Кина - Тајван, по првите остри напади упатени до Владата и парламентарното мнозинство, се разбира и кон претседастелот на Собранието, кој со своето професионално однесување изгледа им е трн во око со аргументи и без аргументи, што за мене и не е спорно со оглед дека сетб тоа се очекува од опозициона партија и тоа е нормално, набрзо нивниот интерес за седница се загуби. Испадна дека луѓето се шегувале со инсистирањето на итноста, затоа што во еден момент петокот го прогласија за викенд ден, и побараа седницата да се одложи за три дена. Потоа, сопствениците на станови во Скопје пројавија загриженост за состојбата на патиштата во зимски услови и нивната способност безбедност да се вратат дома, за на крај кога очекував луѓето од СДСМ да бараат поединечно гласаше, за да остане запишано во историјата кои членови во законодавниот дом со згроженост ја отфрлиле информацијата на Владата и ваквата постапка на македонската дипломатија, на крај на седницата остана цели 7 пратеници од нај-бројната опозициона партија за да гласаат против информацијата. Навистина тоа е сериозна несериозност.

За втората седница кога не се поведоа по примерот на претседателот на државата, кој остасна трпеливода ги ислуша контрааргументиет за своите тврдења, ја напуштија седницата со некакви квази аргументи повторно за заштита на Деловникот и законитоста - нема потреба од коментар. Јас го отфрла ова неаргументирано бараше на опозицијата за сменување на првиот човек на РМ и го истакнувам моето задоволство од неговата досегашна работа. Се надевам дека и во

иднина исто вака успешно ќе ги исполнува поставените задачи како прв мегу еднаквите во Парламентот.

Но, дами и господа пратеници, во состојба на војна која се води во нашето непосредно соседство и во состојба на крајна економска загрозеност на граѓаните на РМ, навистина најмалку од се очекуваме расправии без аргументи и несериозност од било кој пратеник во овој законодавен дом. Неочекувавме губење на енергија и времето на избраните пратеници од народот на теми како што е ова барање за интерпелација, за кое и самите понудувачи на барањето се свеснидека не држи вода. Очекувавме сериозна работа за нештата да тргнат напред, а не свдавање драматичност токму каде што место аз драматизација и нема. Од една партија која социјалдемократијата ја име во името очекувавме многу поголема заинтересираност и загриженост за социјалните состојби водржавата и подршка на било каква иницијатива која ќе придонесе за подобрување на вкупните економски состојби во државата, а добивме нивни потпис за затворање на најголемите индустриски капацитети водржавата. Од партијата која постојаносе прогласуваше за ексклузивен заштитник на мирните меѓунационални односи очекувавме сериозен придонес за нивно спротивставување, за нивно поголемо релаксирање, а не нивно спротивставување дури и на јавното соопштување на сепак личниот став на претседателто на Собранието за воведување рамноправна застапеност на јазиците на националностите во Собранието. Изгледа постојано очекувавме премногу.

За крајот на моето обраќање јас би го повторил моето барање од минатите седници. Наместо дас губиме време на бесмислени расправии во Собранието за тоа дека некој сака да ја пропадне оваа држава, затоа што работи во корист на нејзиниот прогрес и нејзината благосостојба, на сите нејзини ѓраѓани исто така, наместо да губиме непотребна енергија на бесмислено поларизирање на нашата јавност околу периферните теми, сите треба да работиме на отворан>е и разрешување на вистинските проблеми кои ги измачуваат граѓаните на оваа држава. Пак ќе го повторам неколку пати изречениот став од оваа говорница дека од воинствените реторики граѓаните на РМ нема да добијаст ништо.

И на крајот, со енда желба за кала. дигресиј-а сакам да кажам дека интерпелациите сепак имаат и една позитивна страна, меѓудругото. Еден дел од тоа го слушнавме од излагањето на претседателот, г-динот Климовски, а еден мал друг дел јас сакам да кажам дека таа позитивна страна е што ќе слушнеме и неколку латински поговорки кои досега не сме ги чуле.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Пранговски Илија.

За сега се нема јавено никој друг за збор.

Дали можеме да ја приврšиме расправата?

Г-ѓицата Шеќеринска бара збор.

Има збор пратеникот Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитувани пратеници, претседателе, ќе се согласам со претходниот дискутант дека нема потреба за драматизација, нема потреба ниту за воинствени реторики, иако јас не слушнав ниту драматизирање ниту воени реторики и добро е да ја повториме таквата заложба. Меѓутоа, генерално мислам дека има птореба за сериозност, ако ништо друго заради тоа што сме во една сериозна институција. Токму поради тоа мислам дека е несериозно она што за што дискутираме денес или она за што дискутираме генерално во Собранието, цело време да се насочува во друг правец, да се дискутира за други теми, кога ќе се постават тие теми повторно да се смени темата и т.н., така во недоглед. Меѓутоа, тоа е пракса која очигледно е дека парламентарното мнозинство ја присвои и нема намера, барем во овој нареден период да се откаже од неа.

Морам да кажам дека 100 дена или 120 дена и 14 седници на Собранието цавистина се и мал перирд и мала ќуса прилика да се оцени работата на првиот човек во Собранието на РМ и токму поради тоа мислам дека - ќе зборувам за мене лично, мегутоа, мислам дека тоа е размислувањето и чувството на пратеничката група на СДСМ, - искрени да бидеме, и неочекувавме дека за вака кусо време ќе излеземе со интерпелација за претседателот на Собранието.

Точно е тоа, јас се согласувам, она што претседателот на Собранието го изразил во својот одговор на барањето за интерпелација дека нејзиното користење претставува и огромна одговорност на поднесувачите кои се должни до крај да ја преиспитаат повредата на правата и тн. и дека поинаквото користење на ова уставно право од страна на пратениците може да се

смета за извитоперување на овој мошне значаен демократски механизам. Сосема се согласувам дека се работи за сериозно барање, бидејќи институцијата е сериозна. Меѓутоа, за жал, а ќе објаснам подоцна зошто инсистирам на ова "за жал", не се согласувам дека во случајот не постоеше ниту причина ниту основа, ниту повод за ваква интерпелација, вакво бараше, вакви сериозни обвинувања да се постават на дневен ред. За жал, ќе повторам 100 дена и 14 седници беа повеќе од доволни за да излезат некои пратеници или една пратеничка група со сериозни забелешки за начинот на кои работи ова Собрание, забелешки кои се диктирани или предизвикани најповеќе до претседателот на Собранието. За жал, значи, и овие 100 дена и тие 14 седници беа доволни барем јас да го ставам својот потпис на барањето за оваа интерпелација.

Многу од работите беа кажани, јас ќе се обидам тие што беа спаменасти кусо да преминам преку нив, а ќе се задржам на некои повеќе.

Претседателот на Собранието, во основа, мислам дека имаше две обврски и има генерално две обврски. Едната од нив беше често сцоменувана, а ,тоа е да о.безбеди правилно и ефикасно работење и функционирање на Собранието.

Вториот факт кој што секогаш го имаме предвид е дека претседателот на Собранието на РМ претставува политичка фигура и тоа пар екселанс и дека согласно тоа доаѓаат и одговорности и потребите и после тоа евентуалните реперкусии на некои активности. Прашањето што се поставува со оваа интерпелација е како или дали, како успеа претседателот на нашето Собрание да ги загрози или да го загрози извршувањето на овие две свои обврски. Веќе беше спомената онаа првична изјава на претседателот дека Собранието треба да биде отворено. Се согласивме, и покрај тоа што очигледно дека отвореноста сите различно ја третираме. Мегутоа, наместо тенденција за отворање на Собранието, и тоа кон граѓаните, кон јавноста, кон медиумтие, сега добивме еден комплетно ретрограден процес, а тоа е затворање на Собранието, меѓутоа, од јавноста, од настаните кои се околу нас, од она што како проблем се чувствува во јавноста<. , Собранието комплетно изгуби од актуелност,> комплетно изгуби од значење, токму поради тоа што во најголем дел случаи темите за кои се дискутираше или беа поставувани на дневен ред и не беас толку значајни или толку актуелни. Постои една изјава, постои еден опис дека институциите или носителите на функции можат да бидат или со тек со настаните и тогаш да пловат паралелно со нив, или ако не се во тек, тогаш тие ќе се изгубат и овој тек на настани ќе ги однесе. Мислам дека Собранието на РМ, поради ваква поставеност пред се на претседателот на Собранието на РМ, не се псотави ниту во позиција наоброд ниту во позиција на чамец, туку комплетно во позиција на давеник кој едноставно успева од време на време да земе воздух и продискутира за некои суштински теми, меѓутоа и тоа главно по инсистирање на опозицијата. Меѓутоа, главно тече онака како што го.всши дали Владата, дали цастаните, дали меѓународната заедница и тн. без профилирање на тронка сопствена политика и сопствена позиција.

Веќе беше спомнато дека Собранеито испушти да дискутира во момент кога и граѓантие и јавноста чувствуваа дека тоа е потребно, кога беше јасно на секој политички лаик дека е потребно да се дискутира, пропушти тоа да го стори. Случајот со Тајван овде веќе е премногу дискутиран, не е веќе актуелен, меѓутоа, дури и кога имавме дискусија таа беше задоцнета, пред се заради незакажување на седницата во тој момент кога тоа беше потребно.

Да не зборувам овде за прашањето на случувањето во нашето непооредно соседство, за ситуацијата на Косово, за ситуацијата со присуство на НАТО во Македонија, проблемот со бегалците и тн., кои постојано висат врз ова Собрание и постојано се поставуван како пратенички прашања и иницијативи, меѓутоа, целосно се избегнуваа и од Владата, меѓутоа, и од претседателот на Собранието кој испушта да ги постави на дневен ред, а очигледно и од парламентарното мнозинство. Затоа, за мене прозвучи многу лицемерно изјавата на еден од членовите на ова мнозинство, а тоа е дека овие работи се несериозни, овие дискусии се несериозни во услови на војна непосредно на границвата на Македонија. Да, меѓутоа, добро ќе беше тоа да се каже на почетокот на оваа седница, или на почетокот на минатата седница кога постоеше иницијатива да се отворат ови.е . прашања. . Да се отворат заради тоа што подобро е кога за работите се дискутира отворено и подобро е кога се дискутира овде. Затоа, во ситуација кога светот очекуваше што ќе се случи со преговорите во Франција, нашиот претседател на Собранието беше во многу

корисна и многу ефиќасна и многу потребна посета на Тајван.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА** (продолжение)

Прашањата кои што денеска беа поставени, а претставуваа одолговлечување, или префрлање на прашањето од една на друга седница, како што се овие што ги спомнав НАТО, УНПРЕДЕП, бегалците во Македонија, се прашања кои изгледа дека се неважни, па Собранието едноставно ги одложува за наредна седница. Очигледна е констатацијата тоа што стои во интерпелацијата, која што многу често сме ја слушале од претходните состави, а тоа дека Владата го диктира темпото на Собранието и дека таа реалност, треба да се обидеме да ја измениме, ако ништо друго со овој состав на Собранието. Меѓутоа, мислам дека сега дури ни тоа не ни се случи. Сега Собранието нема темпо, или тоа што го има секојдневно му се успорува. Најдобро е да не се дискутира кога дискутираат пратениците во најголем број случаи наоѓаат на реакции и обиди да се убрзаат од страна на другата страна на Собранието и тн. така да ова што сме овдека незначи баш многу. Со оваа своја затвореност Собранието го изгуби и своето значење, и својата политичка тежина, со тоа што воглавно се задоволи да менува одлуки на Влада, кој што за да биде безобразието уште поголемо, обично се доставени во пет до двана-есет, обично се доставени непосредно пред седницата на Собранието, обично тогаш ги добиваме клучните информации, клучните промени на законите и после тоа мора да изберете само две работи: или да барате пауза, ако мнозинството евентуално и се реши да ја добиете, набрзина да ги прочитате, или да се доведете во ситуација паушално да гласате "за" или "против". Факт е дека овдека се перферира итна постапка. Точно е тоа дека итната постапка е предвидена со Деловникот, точно е тоа дека е практикувана и треба да биде практикувана, бидејќи Собранието неможе да дозволи со својата работа да ги успорува настаните, меѓутоа, факт е дека за чувствителни прашаша, за чувствителни политички проекти не дозволила да имате итна постапка, на која што ќе се обидете во два - три часа едноставно и потоа да ја затворите. Јасно беше дали беше Законот за амнестија, на пример најкарактеристичниот пример, дека и во јавноста и помеѓу политичките партии, постоеше потреба, јасно изразена, јасно декларирана, да се дискутира за тие прашања. Наместо тоа, законот помина по итна постапка, потоа имаше одредено негово враќање, меѓутоа, генерално се создаде лоша пракса , најважните и најтешките работи да ги тераме набрзина.

Зошто мислам дека овде најголема е улогата на претседателот на Собранието, тука имаше некои дилеми, мислам дека претседателот на Собранието меѓу сите нас , има најголема одговорност да го штити дигнитетот и таа позиција на Собранието на РМ. Понекогаш дури и ако треба и конфронтација со Владата во таа смисла, за да инсистира на извојуваното или одреденото место на Собранието во нашиот систем. Наместо тоа, еве и на денешната седница имавме прилика да видиме дека и покрај претходни заклучоци на ова Собрание, кои што се донесени додека претседавал истиот претседател на Собранието да се дискутира и Владата да биде обврзана да информира писмено или усмено по тие прашања, еднос-тавно да ја амнестираме таа нивна одговорност, да заборавиме дека тоа сме го одлучиле и одиме понатаму.  Да не зборувам дека овдека често сме упатувани да се информираме од средствата за јавно информирање, што мислам дека е недозволиво. Одговорноста на претседателот ја гле-даме дека пречесто го користи резонот на мнозинство. Сваќањето на мнозинство како решение за се. Можеби ваква е процедурата, но мнозинството реши да не ја почитува. Можеби таква е демократијата но мнозинството реши дека не ни е потребно. Ова што ни се случи неколку пати во тој поглед, мислам дека сериозно ја загрози востановената веќе про-цедура за работа на Собранието и ни постави многу дилеми на секоја од нас. Факт е дека денеска имаме над 20 точки на

само седум беа најавени со документи со материјали , останатиот куп од материја ни се поделени сега и се очекува дека Собранието ќе биде тука креативно и ефикасно.

Проблемот околу формирањето на комисиите и делегациите беше потегнат, мислам дека е добро што претрпи одредено повлекување и парламентарното мнозинство и претседателот, меѓутоа, факт е доколку опозицијата, не вложеше сериозен протест, доколку не направеше сериозен притисок, што одеше дури во насока на повлекување од сите делегации доколку не бидат испочитувани некои поставени принципи, дека тоа немаше да се случи. Што значи дека сега неможе да се каже дека претседателот на Собранието, дека парламентарното мнозинство во ова

Собрание, навис-тина имал сериозен и одговорен пристап. Ако не ви текнува, имавме еден предлог за состав на комисиите, после тоа реакција од нашата пратеничка група, па дури потоа се измени овој предлог.

Во таа смисла, јас ќе ве потсетам на она што на претходната седница дискутираше нашиот гостин , кој што употребата на Собранието, при тоа мислеше на Собранието чиј што тој е претседавач, го гледаше како политички форум за дискутирање на жешки политички и социјални прашања, па рече дека нетреба да се воздржуваме да дискутираме за прашања кои се контравезни, чувствителни, или може да предизвикаат раздор. Ние овдека во ова Собрание постојано ја гледаме таа тенденција, да се избегне од најжешките прашања. Тука по мое лично убедување, навистина свој удел имаше целото парламентарно мнозинство, но сепак тоа како најголем минус ќе му го препишеме на претседателот. Мислам дека дури она што претседателот го призна во своето обраќање, постоеле грешки во односнот на претседателот на Собранието кон опозицијата. На тоа сите бевме сведоци дека третманот на говорник позиционер е драстично различно од третманот на говорник на опозиционер. И тука претседателот не се воздржуваше од директни интервенции, од реакции или контрареакции по повод излагањето , без притоа да земе збор како пратеник во Собранието и тн. што ниту еднаш не се случи кога имавме на говорницата пратеник од позицијата.

Ако се осврнам сега на акцијата, ајде да не го пуштиме претседателот на Собранието да не зборува во Собранието, мислам дека ќе го оптоварам ова свое излагање и заради тоа сакам да се осврнам само на две работи. Голема беше овде дискусијата, имавме тези, контратези дали претседателот на државата на РМ има право да говори без да го извести за темата на разговор претседателот. Јас очекувам дека наредниот пат кога претседателот на државата, без разлика дали актуелниот, или наредниот, кој што ни е најавен , ќе сака да зборува во Собранието Очекувам дека претседателот на Собранието ќе му бара уште и апстрак, резиме на тоа што сака да го зборува со главни пунктови, бидејќи навистина е несериозно ваквото барање да се издига на ниво на принцип и ваквото барање да се лоцира како главна причина кога на претседателот не му беше дозволено да зборува. Меѓутоа, еве и тоа ако го тргнеме на страна, втората тема која што е битна, дали после тоа требаше да се отвори расправа или нетребаше да се отвори. Дури и да требаше да се отвори , во што јас лично не верувам и што јас лично не верувам дека е правилно, по кој принцип по кое правило, по кој закон, по која деловничка одредба можеше да се случи претседателот на Собранието , јасно и гласно да каже, дека во расправата ќе се вклучат само тој, премиерот и никој повеќе. Премиерот еве и да го тргнеме на страна, на кој начин првиот меѓу еднаквите е различен од било кој присутен во салата, па може да си дозволи реакција, без притоа тоа право да им го гарантира на останатите. Меѓутоа, она што сериозно не загрижи како пратеничка група и како јавност, мислам дека беше манифестацијата на врвна ароганција, манифестацијата на строгост, дури отсуство на политичка култура дури и на домашно воспитување, што јас се радувам дека сега претседателот и самиот го увидува и забележително е негово повлекување.

Добро е што претседателот се извини за можеби прејаките зборови кој што ги упатил од оваа говорница, меѓутоа, знаете дека јакиот збор бидува еднаш. За жал, за сегашниот претседател на Собранието на РМ со тој тежок збор не губи претседателот на државата за кој беше наменет, туку него самиот. Со овој тип на однесување претседателот на Собранието ги суспендира и претседателот,и Уставот, без разлика што можеби звучи тоа како некоја флоскула, меѓутоа и демократијата и јас претпоставувам дека тоа и тоа е нагласено управување или користење на принципот на мнозинство.

Она што мене посебно ме заинтригира во говорот на претседателот на Собранието, што често пати претседателот на Собранието си дозволи да го употреби е коментарот за нивото на свест кај некои луѓе, некои партии, некои групи во РМ. Па така како еден од своите аргументи претседателот на Собранието вели дека очигледно дека некои луѓе во РМ сеуште не се оелободиле од заблудата на стариот систем, системот на единство на власт во кој таа се кумулираше во рацете на поединци кои одлучуваат за се во државата. На последиците од таквитот систем несака претседателот дури и да потсетува. Незнам дали е во прашање амнезија и тоа комплетна, меѓутоа ако не е во прашање амнезија комплетна, тогаш тоа прашање навистина е една врвна ароганција, врвно безобра-зие кое што претседателот на ова

Собрание го практикуваше неколку пати кога се осврнуваше на позициите на СДСМ и позициите на претседателот на оваа држава. Да ви кажам, ќе ви дозволам претседателе дека можете да ни држите лекции на голем дел од овдешните пратеници, посебно на пратеничката група на СДСМ и за еднопарт.искиот систем и за едноумието. и за последиците на таквиот систем и за реперкусиите кои денеска ги чувствуваме од тоа. Затоа ве молам немојте да го користите толку често; како што ви се случува тој принцип, секогаш кога не сте во право да се обидете да го обвините за виновник СДСМ, а уште повеќе минатиот систем , заради тоа што е тој систем во кој што и вие сте учествувале, сте придонесувале и сте имале прилика да го промените. Претседателот на Собранието исто така, во овие 120 дена и 14 седници , имаше прилика да даде голем дел на политички изјави, една серија на изјави, по серија на прашања, кои најблаго беа контраверзни, доколку се погруби најблаго речено ќе кажеме дека завршија во сериозни гафови, кои што денеска се пеглаат со изјавата дека тоа било лично мислење на претседателот на Собранието. Тука ќе набројам овој дел што го спомнав околу комунистичкото минато на некои структури во Македонија, околу прејудицирањето на новиот претседател, што беше дискутирано, околу најавата за вербален деликт, кој што повторно ја наметнува или ја најавува претседателот како и она што воглавно беше често дискутирано за најави за воведување на двојазичноста на Собранието. Овдека некои пратеници сакаат тоа да го претставаат како демократско лице на претседателот на Собранието и јас би била навистина позадоволна, кога тоа би било резултат на отворено општење со различни структури и различни малцинства во РМ, меѓутоа, бидејќи претседателот на Собранието сака да потсетува, неколку пати во своето обраќаше се обиде да не потсетува на нешто, меѓутоа, несака да се сеќава, јас сега него ќе го потсетам за една изјава  по можеби друго прашаше, која што ја дал пред неколку години, не така одамна. А тоа е дека дипломата која носи официјален печат на државата претставува јавна исправа и израз на суверенитетот на македонскиот народ во сопствената држава и таа може да биде само на македонски јазик. Точно е дека во овие 120 дена имавме прилика да чуеме дека претседателот на Собранието на РМ претрпел неколку драстични политички трансформации и тоа е во ред, меѓутоа, немојте тие трансформации да ги пришивате на друга адреса и да бидете вознемирен или вие или парламентарното мнозинство кое ве поддржува и немојте да бидете изненаден од фактот дека ќе има луѓе кои што и за ова ќе ве потсетуваат.

Овие политички изјави кои што сега се ставаат на приватна адреса се сеиозни изјави, се сериозен политички багаж под или зад себе и околу тие дискусии можеби ќе се отвори прашањето на Собранието. Јас тогаш искрено да ви кажам немам ништо против да дискутирам.

Тие работи треба да се дискутираат, тие работи нетреба да ни се провлекуваат низ различни дискусии по други прашања, треба сериозно и отворено да им пријдеме. Мегутоа, кога ваквата изјава без претходна дискусија, без претходно излегување со конкретен предлог, или со конкретен проект, се подметнуваат те во јавноста, те во странската јавност, те овдека во Собрание, тогаш претставуваат сериозен проблем, заради тоа што политичарот има одговорност за јавно искажаниот збор, мегутоа, претседателот на Собранието има уште поголема одговорност бидејќи го претставува овој законодавен дом и пред јавноста и пред други институции.

Токму поради тоа, мислам дека ваквите епизоди, ваквите из-лети, ваквите изјави кои потоа половично се повлекуваат, сериозно ја загрозија позицијата на Собранието и тоа преку лицата или преку активностите на првиот човек во ова Собрание. Јас сакам да верувам во она што претседателот на Собранието го кажа во своето излагање дека на некој начин смета дека е потребно да се сврти нов лист, нашиот гостин г-динот Лорд Расел, призна многу искрено, меѓутоа и многу одговорно дека е претседател почетник. Можеби доколку на оваа претседателска функција нашиот претседател пријдеше со оваа доза, нема да кажам на скомност, но на сериозност, можеби голем дел од проблемите што ни се случија немаше да се случат. Меѓутоа, јас морам да забележам дека дури и во одговорот на интерпелацијата доминира претходно изразениот стил на претседателот. на Собранието , а тоа е голема доза на агресивност према оние кои што се осудиле да постава прашање на интерпелација, голема доза на самобендисаснот, на суетност и тн.

Што искрено да кажам нема правец оптимист. Јас имав прилика во една неформална дискусија дека претседателот на Собранието на РМ мисли дека опозицијата сега треба да молчи, бидејќи

јасно и гласно сега ни кажа. Доста веќе ве слушавме, вие сте сега опозиција и вие треба да се сообразите согласно на новата позиција. Нема проблем, јас мислам дека свеста на луѓето кои што се на оваа страна е таква, јасно им е дека се опозиција. За жал од оние луѓе кои што би требало да ја ценат позицијата на опозицијата, кои што би требало да ја бранат таа позиција, како што веќе чувме овде едно ветување , имаме едно многу изобличено, чувство за сваќање на  парламентарната демократија, кој што нема апсолутно никаква врска со оние заложби кои што сме ги слушале во изминатиот период. Така што ќе завршам со тоа што, ќе кажам, дека не сум оптимист и покрај тоа што би сакал да бидам демантирана наскоро, на пример еден од начините да бидам демантирана е претседа-телот на Собранието понекогаш да реагира, кога од оние кои што слу-шаат во Собранието на РМ нема да добиеме вакви извлици на расположение неодобрување и кога тој кој што ќе говори овде на говорництра, навис-тина ќе може тоа да го стори без да биде исмеван , без да биде демантиран , мегутоа, само од столовите, а не на оваа говорница и тн. Од сите овие причини, реков дека за жал, сметам дека оваа интерпела-ција е оправдана. За жал, заради тоа што не е убава пракса и заради тоа што не зборува добро за ова Собрание и за оваа држава. Меѓута, мислам дека претседателот на Собранието барем овој пат нетреба да ја добие довербата од ова Собрание и од овие пратеници. Притоа, ќе одговарам на прашањето кое што беше. псотавено. Која е целта на ов.аа Интерпелација? Имате две можности: да биде прифатена Интерпелацијата, илида не биде прифатена..Ако не биде прифатена Интерпелацијата, јас навистина се надевам дека оваа дискусија ќе придонесе претседателот на Собранието да го промени своето однесување во насока за која шти и самиот дури зборуваше. Меѓутоа, доколку не биде прифатена, исто така СДСМ ќе ја оствари својата цел. А тоа е дека наместо индивидуална одговорност, која што се покренува со оваа Интерпелација, бидејќи бараме одговорснот од претседателот на Собранието на РМ, сега веќе таа одговорност, нема да ја има само претседателот, сега одговорноста за сите вакви епизоди во иднина, одговорноста за непочитувањето на процедурата, одговорноста за непочитувањето на опозицијата ја нема само претседателот, туку ја има и целото парламентарно мнозинство, така што ве уверувам дека целата оваа Интерпелација во секоја варијанта ќе биде исполнета.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Во име на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ, можам да пренесам став и впечаток дека очекувавме аргументирани ставови околу Интерпелацијата за претседателот на Собранието, кои ќе ги проследиме со далеку поголемо внимание, бидејќи самата Интерпелација подразбира токму тоа. Меѓутоа, за жал, генерално сите елементи се сведоа на некоја психолошка или карактерна анализа на претседателот на Собранието за која ниту лично, ниту како пратеничка група имаме нешто против, затоа што во прашањето на изборна комуникација, да не речам, дружењето на луѓето ги поставуваме тие елементи. Меѓутоа, за една ваква сериозна постапка и процедура, ова не се аргументи. Воопшто не се аргументи така што во самиот старт на она што сакам да го соопштам го пренесувам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дека не ја прифаќа Интерпелацијата, а особено необразложена на ваков начин. Тврдењата за узурпацијата на претседателот на Собранието околу пристапот на опозицијата да го искаже своето мислење, мислам дека на ваков начин воопшто не е аргументирано, ако за тоа очекувавме посериозни аргументи, бидејќи на самата денешна седница велам процентот за вградените анализи за психолошкиот или карактерната конституција на претседателот на Собранието, мислам дека не беше место на оваа говорница. Можеби имаше места каде што треба да реагира, но не реагираше. Јас лично за денеш-ната седница ја упатувам мојата забелешка во однос на тоа.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ**: (Продолжение)

Околу прашањата за прејудицирања на некои ставови или можни случувања за натаму се согласувам дека има место за размислување, меѓутоа, мислам дека речиси целосно 100% најголем дел од тие теми кои беа поставени со прашање на разгледување на коалиционите партнери. Не би сакал да ги споменувам кои се тие теми, но тоа не би требало многу да ве загрижува, можеби некоја од тие теми треба да ја загрижуваат Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ако воопшто постои тоа, не би требало пред време да се радувате, можеби нас не не загрижува. Но, велам доколку постои таков елемент, би требало нас да не загрижува. А тоа дали постои е друго прашање.

Околу прашањата за изјавите кои би биле толкувани во свое име, затоа исто така сакам како и за првата работа и ние целосно се согласуваме дека сериозноста на личноста која работи во Парламентот апсолутно подразбира големо внимавање на постапките и на изјавите во јавноста. И ние се согласуваме тука во секој случај, меѓутоа, премерувањата на нештата и лоцирањата дека сега треба да ги поставиме за прв пат тие примери дека првпат постојат и дека овие примери се од таков карактер и таков обем што го загрозуваат функционирањето на Парламентот и на демократијата, меѓутоа, на Парламентот барем не добија такво образложение во вашите дискусии за да може така сериозно да се третираат.

Иако немав намера, меѓутоа, ќе морам да поставам неколку компарации. Видете, во настапите и во она наметнување посебно околу предизборието, самите избори и на било кој претходни избори нормално секоја политичка партија настапуваше со свои аргументи и ставови за позицијата врз основа на сопствени проценки. Која е позицијата на една партија во однос на друга и кои се квалитетите што ги нуди таа. Имавме многу јасни случаи на изјави, мислам дека ќе бидат дословно прецизни, се надевам дека додека имаме ваква опозиција СДСМ ќе победува и тоа со зборот ќе победува. Тоа беше период кога СДСМ исто така ја предводеше власта. Сега зошто во тој случај не биле толку категорично земени во предвид тие изјави кои велам во овој случај ни од далеку не можат да се компарираат. Нормално е човек да се извини кога некој не е отсутен, меѓутоа, многу пати беше земан во предвид Претседателот на државата господинот Глигоров за да се образложи издржаноста на интерпелацијата, ние добро знаеме за едно сериозно прашање во даден момент конкретното решение за еден проблем од тоа сериозно прашање беше многу категорично изјавен во една странска држава. Исто така не би сакал да споменувам темата за која станува збор, бидејќи тоа е општо познато и бидејќи е многу суштински сврзано со Македонија.

Што се однесува до меѓународните делегации од страна на Параламентот беа понудени варијантите на состави. Во две од тие делегации застапеноста на СДСМ конкретно беше присутно и тоа, ако парламентарната демократија подразбира дека мнозинството има право да донесува одлуки односно да гласа за тоа бидејќи верува во својот концепт и да го спроведува, јас не гледам друг начин на работа освен во овој случај за да излеземе во пресрет на видувањата кои можеби во некој случај се поквалитетни, еве и таа претпоставка да јаземеме на опозицијата, тогаш ние нашите пратенички мандати или решенијата да ги депонираме или да ги дадеме на кандидатите кои во тие изборни единици изгубија, односно добија нашите пратеници. Тоа е смислата на мнозинството на парламентарната демократија тука не гледам толку големи драматизирања кои во дадени наврати од говорницата беа со извесен обид на добродушност толкувани за да се покаже дека само Парламентот постои поради тоа што постои мнозинство на коалицијата, апсолутно се друго е угушено во државата. Во тој однос околу прашањето на делегациите во две меѓународни делегации беа застапени пратеници од СДСМ, а за другите партии да не ги набројувам. Предлогот беше даден дека е многу подобро да бидат застапени во повеќе, за тоа се разговарало на.Претседателството на Парламентот, има ддлови од тие состаноци на кои присуствуваа координаторите на пратеничките групи, јас бев присутен на два од тие состаноци и на нив беше договорено месец дена пред да биде поставена интерпелацијата, значи не е точно дека за ова прашање претседателот на Собранието, па дури и парламентарното мнозинство излегло во пресрет по тој притисок. Беше поставено барање и беше разгледано лично и во име на пратеничката група и јас ја поддржав таа идеја дека треба да се најде начин за поголема застапеност. Тоа е решено многу далеку пред да биде поднесена интерпелацијата. Јавноста треба да знае дека тоа не е точно, а тоа што одредени пратеници од составот на СДСМ навистина не беа информирани треба да го најдете објаснувањето внатре во вашата пратеничка група дали некој бил подолго отсутен, бил на пат, дали координаторот на пратеничката група не навремено ги известил останатите пратеници од пратеничката група, но вистината е тоа, таму има записници, јас бев присутен на тие состаноци.

Понатаму, беа споменати некакви релации од околу поткрепа на интерпелацијата со случувањата во однос на УНПРЕДЕП, НАТО, итн. Добро. Видете,

околу тоа мислам дека како политички партии од самиот почеток немаме апсолутно, па би рекол ни минимални недоразбирања околу дефинитивниот став на нашиот однос кон интеграции и во Европската унија и во однос на НАТО. Немаме никакви разлики во ставовите околу успешната мисија на УНПРЕДЕП. Мислам барем до сега во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Партијата, можам да го изјавам. Мислам дека е добро што во однос на овие прашања имаме консензус. Внесување на забуна во јавноста со вмешување на овие теми во рамките на интерпелацијата на претседателот на Собранието мислам дека веќе навлегуваме во еден не сериозен простор газејќи на еден консензус кој е многу јасно дефиниран. Прашањето на УНПРЕДЕП, секако дека сериозно го разгледува и Владината коалиција и Коалицијата која има мнозинство во Парламентот. Меѓутоа, став е, барем што се однесува до Партијата ВМРО-ДПМНЕ став е дека прашањето на УНПРЕДЕП не е сврзано само со обврската и потребите на Македонија во однос на северната граница. Тоа е воопшто прашање на кризата што се случува на Балканот. Ако една Кина не сака да го земе во предвид прашањето на УНПРЕДЕП, дека е.прашање на стабилностана регионот, на Балканот тие обвинувања овде мислам дека воопшто не држат. Потоа прашањето дека НАТО влезе во Македонија, а Македонија не влезе во НАТО. Јас би сакал навистина тоа да биде малку поубаво објаснето на некоја наредна седница кога за тоа ќе се говори. Што значи тоа? Дали ставот на СДСМ е променет?

Вие самите бевте сведоци дека врз основа на досегашните чекори кои биле направени во тој домен и врз основа на последните најнови изјави на господинот Солана дека постои свест со нивното присуство во Македонија и дека станува збор за барем еден до два степени по сериозна обврска кон напорите на Македонија да се интегрира со НАТО. Овие елементи, вклучување на темата на денешната седница по оваа точка од дневниот ред мислам дека повеќе е прашање на создавање на забуна и не би сакал да го толкувам така, меѓутоа, повторно доаѓаме до прашањето на одмерување на зборовите и ставовите. Ако овие теми се толкуваат така, а ние во јавноста имаме одредени групи дали се од српска националност, дали од други побуди кои протестираат околу прашањето на НАТО и присуството во Македонија, мислам дека исто така доаѓаме во ситуација кога самите треба да ги одмеруваме зборовите и ставовите, бидејќи тогаш некој друг не ние, туку некој друг може тоа да го толкува дека е отворена барем една мала дилема во однос на присуството на НАТО во Македонија. Ако сакате да ги разгледуваме прашањата, тежината на зборот и одговорноста кон тоа. Ако мислите дека не е така, тогаш мислам дека немате право да размислувате за некои други прашања.

Што се однесува до отворањето на можност да се говори после настапот на претседателот господинот Киро Глигоров со сета должна респект кон неговото политичко искуство, можеме да го признаеме тоа или не, тоа е еден период, една фаза на ќе си дозволам слобода на жестока критика и игнорирање на Владата на Република Македонија. Тоа е повеќе од очигледно како проценка во целокупната македонска јавност така што содржината на говорот кој беше изнесен од оваа гоеорница и содржината на обраќањето на господинот Киро Глигоров до македонската јавност преку електронските медиуми во себе имаше елементи кои беа сериозни негирања, да не речам обвинувања на дејствувањето на македонската Влада. Четири до пет пати во неговиот говор беше апелирано до граѓаните на Република Македонија. да најдат соодветна форма на отпор кон Одлуката на Владата на Република Македонија која требаше да следи за воспоставување на дипломатски односи. Сега, видете, ако тоа се толкува како што денеска ние психолошки анализи правевме, можеме да дојдеме до многу деликатни констатации кои потоа би ги етикетирале, би ги ставиле како етикета на господинот Глигоров што сакал со тоа да каже. И покрај сето тоа во настапот на премиерот господинот Георгиевски без разлика што беа апострофирани сите овие прашања поентирањето на тој говор беше дека вратата за соработка треба да биде максимално отворена со Претседателот на државата, бидејќи тоа е од интерес на Република Македонија. Најодговорно Ви тврдам дека околу тие прашања, околу тие теми во тие денови разговаравме и дека тоа е навистина став на ВМРО-ДПМНЕ, не е никаква демагогија. Меѓутоа, ако *се* оставеа тие тврдења на таков начин, тогаш ние *ќе* ја оставевме јавноста

во недоумица дали оваа Влада, ќе дојдевме во контекст на она што од оваа говорница на една од Седниците го поставив прашањето по многу ваши дискусии. Тврдења дека Некои работи против интегритетот, суверенитетот на Република Македонија, тогаш од овде поставив прашање да се лоцира актерот на сето тоа. Ние Не добивме одговор. Ваквиот настап и ваквите тврдења тогаш *ќе* беа во еден континуитет многу логичен што е во работа на опозицијата, за тоа Немаме ниту дилеми ниту некаков отпор да се разговара на таков начин, меѓутоа, секогаш сакаме да ги кажеме нашите аргументи. Во тој случај обвинувањата според мене, имаат таква содржина кои можеби немаат таква цел, но имаат таква содржина што јавноста можеше да ги протолкува на таков начин. Да се разбере, да робуваме на некои принципи, па дури и норми кои се воспоставени, а да оставиме ден, два, три јавноста да биде во недоумица па евентуално да реализира некој од тие сугестии на некаков вид на отпор, мислам дека помалку е загрижувачки за Владата или за мнозинството Парламент кое евентуално би ја изгубило својата позиција, меѓутоа, потрагично би било за државата.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на гоеподинот Пауновски. Дали би можеле да ја привршиме расправата? Дали има уште некој за дискусија? (нема)

Ако нема, ќе ве молам дали можам јас да кажам неколку збора да се заблагодарам во оваа смисла, ако дозволите.

(Претседателот излегува на говорница) Дами и господа пратеници,

Навистина денеска ме почестивте со една целосна бивисекција не само на моите политички погледи, туку и на мојата психолошка карта евентуално ако имавте податоци ќе тргневте од моето детство, па наваму, но едно мислам да Ви се заблагодарам.

Прво, навистина се обидував и наоѓав во скоро секоја од вашите дискусии зрно на добронамерност. Јас тоа *ќе* го прифатам. Жал ми е што така во тоа ехо некогаш од кое јас мислев дека се ослободив наоѓам една политичка провиниенција која мислам дека сепак не е она што треба да биде напред, да влече напред. Среќен сум поради тоа. Меѓутоа, несреќен сум поради нешто друго. Имено, денеска многу помлади луѓе од мене можат да ми бидат и деца се обидоа да ми читаат лекции за домашно воспитување. Се обидоа да ми читаат лекции и дека не сум ги совладал елементерните работи од комуникациите и однесувањата заборавајќи при тоа дека сепак јас имам едно извонредно големо искуство и во комуникацијата со луѓето и во комуникацијата со студентите и во комуникацијата со народот и дека не им беше место и дека многу повеќе говори за нив отколку за мене што говореа од оваа говорница за недостаток на елементарно домашно воспитување, ќе ве молам. Тоа ме навреди, лично ме навреди навистина и мислам дека тоа не води кон добро. Не се работи овде за личности, овде се работи за еден судир на политички идеи, ние можеме да не се разбираме и да не се сакаме и да имаме различни погледи во пристапот, тоа е нормално и најдов многу нормални работи овде во вашето искажување. Навистина. Би бил далтонист ако не извлечам нешто што евентуално ќе подобри ова Собрание да функционира како една комапктна целина и пркрај сите политички разлики што функционираат и постојат во него. Меѓутоа сакам за во иднина да го кажам следното да се внимава да не се навредуваме како личности, да не навлегуваме во приватна сфера. Крај му нема тоа. Денеска воспитувањето, утре *ќе* речете имаме љубавница, задутре ќе речете правел ова, преку утре ќе кажете тоа, и никој не ќе сака да почувствува дека има одговорност за тоа. Во таа смисла јас очекувам навистина можеби не од оваа говорница, но лично извинување од сите оние пратеници кои ме навредија лично како личност интимно, а воопшто не се лутам за сите искажани зборови и за сето она што Вие овде ми го префрливте според ваше гледање дека сум го нарушил Уставот, дека не сум го почитувал Законот дека не сум постапувал деловнички, дека сум требал вакви или такви изјави да давам, ете и тоа требало да внимавам итн. итн., сето тоа е во ред и тоа го прифаќам, тоа е коректно. Колку ќе извлечам поука времето ќе покаже, но овде земав збор не да спорам, не да полемизирам има доста што да се полемизира имам по многу работи и поинакво мислење од Вашето, овде зедов збор само ова да го кажам. Внимавајте на личноста, на приватноста, внимавајте дека сите имаме фамилии, дека сите имаме деца и дека треба да внимаваме да го сочуваме тој дел, а овде за жал, од неколку дискутанти не многу еден или

двајца ми се држеше лекција дека е едноставно јас немам домашно воспитување, тоа не можам да го прифатам, тоа го одбивам и се друго е коректно, се друго го прифаќам како гледиште, колку ќе извлечам поука ќе се види од сето тоа, но околу овој елемент јас сакам да го отфрлам како недостоинствен за овој парламент и особено за во иднина да не го практикуваме тој начин на комуницирање меѓу себе.

Во Англискиот парламент почитувани колешки и колеги тоа добро го знам таму ни името не му се спомнува на човекот, таму се спори само за идеите, а не да се читаат лекции за некакво си не домашно или не знам какво воспитување.

Јас сакав само толку да Ви се заблагодарам за кажаното и сега ќе се качам на своето место да завршиме со оваа точка со гласање по интерпелацијата.

Благодарам. .

Го заклучувам претресот.

Интерпелацијата за работата на претседателот ја ставам на гласање.Да ве потсетам дека за интерпелацијата Собранието одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Молам, кој е за тоа да се прифати интерпелацијата, молам да крене рака?

Кој е против ќе Ве молам да крене рака? 68 пратеници се против. Дали некој се воздржува од гласање? Седум пратеници се воздржаа од гласање.

Според тоа, констатирам дека Собранието не ја прифати интерпелацијата за работата на претседателот на Собранието на Република Македонија.

Почитувани пратеници не би дал пауза, денеска би ја прекинал седницата, бидејќи е веќе многу доцна, а за наредната седница дополнително ќе Ве известам со оглед дека на една многу интензивна меѓународна активност која што ја имаме, веројатно тоа ќе биде вторник или среда наредната недела.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,15 часот)